# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>18.03.2019 год.<br>БРОЈ 3 ГОДИНА 53 |
| --- | --- |


**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страна |
| --- | --- | --- |
| **1.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година. | **5** |
| **2.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година. | **29** |
| **3.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2018 година. | **51** |
| **4.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица–Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година. | **60** |
| **5.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година. | **63** |
| **6.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година. | **67** |
| **7.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година. | **70** |
| **8.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2018 година. | **74** |
| **9.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за активностите на општина Охрид во областа на образованието за 2018-2020 година за периодот од 01.01.-31.12.2018 година. | **79** |
| **10.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за детска заштита за 2018-2020 година, за период од 01.01-31.12.2018 година. | **88** |
| **11.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за периодот од 01.01. до 31.12.201 година. | **91** |

| | | |
|---|---|---|
| **12.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творе除 за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година. | **93** |
| **13.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за изградба и реконструкција на локални патишта и улици за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година. | **100** |
| **14.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување за 2018 - 2020 година за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година. | **104** |
| **15.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за јавно осветлување за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година. | **107** |
| **16.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадна вода за 2018 - 2020 година за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година. | **108** |
| **17.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на сообраќајна сигнализација за 2018 - 2020 година за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година | **111** |
| **18.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за други комунални услуги за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година | **114** |
| **19.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште за 2018 - 2020 година за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година | **116** |
| **20.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2018 - 2020 година за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година | **121** |
| **21.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување јавна чистота за периодот од 01.01.2018 до 31.12. 2018 година | **125** |
| **22.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за периодот 01.01-31.12.2018 година | **133** |
| **23.** | Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година. | **138** |
| **24.** | Одлука за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година. | **146** |
| **25.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2018 година. | **148** |
| **26.** | Одлука за усвојување на Годишниот извештај и завршна сметка на буџетот на единицата на локалната самоуправа Општина Охрид за 2018 година и Извештајот за годишниот попис за 2018 година. | **151** |
| **27.** | Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Охрид за 2019 година. | **163** |
| **28.** | Одлука за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. до 31.12.2018 година. | **165** |

| | | |
|---|---|---|
| **29.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Христо Узунов“ - Охрид. | **173** |
| **30.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Григор Прличев“ - Охрид. | **174** |
| **31.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид. | **175** |
| **32.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Братство - единство“ - Охрид. | **176** |
| **33.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Кочо Рацин“ Охрид. | **177** |
| **34.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Живко Чинго“ с.Велгошти. | **177** |
| **35.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Ванчо Николески“ с.Лескоец. | **178** |
| **36.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Св.Наум Охридски“ с. Пештани. | **179** |
| **37.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОМУ„Методи Патче“ - Охрид. | **180** |
| **38.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОСУ„Св. Климент Охридски“ - Охрид. | **181** |
| **39.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на СОСУ„Св. Кирил и Методиј“ - Охрид. | **182** |
| **40.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ - Охрид. | **183** |
| **41.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУТУ„ Ванчо Питошески“ - Охрид. | **184** |
| **42.** | Одлука за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ЈОУДГ за деца „Јасна Ристеска“ - Охрид. | **184** |
| **43.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работа на ОЈУ Отворен граѓански универзитет за доживотно учење „Кузман Шапкарев“ - Охрид за 2017/2018 година. | **185** |
| **44.** | Оодлука за усвојување на Финансискиот извештај и Годишниот извештај за работењето на МЈП„Проаква“- Струга, Работна Единица Водовод - Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година и Финансискиот извештај на МЈП „Проаква“ Струга за периодот од 01.01 до 31.12.2018. | **186** |
| **45.** | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето и остварените резултати на ЈП „Градски гробишта“ - Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година. | **187** |
| **46.** | Одлука за усвојување на Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈП „Охридски комуналец“ – Охрид за периодот од | **188** |

| | | |
|---|---|---|
| | 01.01. до 31.12.2018 година. | |
| **47.** | Одлука за усвојување на Годишната сметка и Извештајот за работењето на ЈП „Нискоградба Охрид“ - Охрид за 2018 година. | **189** |
| **48.** | Одлука за усвојување на Извештај од работењето и остварените резултати на ЈП Градски Пазар - Охрид за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018. | **190** |
| **49.** | Одлука за усвојување на Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид за 2019 година. | **191** |
| **50.** | Одлука за донесување на Правилникот за субвенционирање (начинот и видот) на опрема и услуги во локалното земјоделство и сточарство. | **195** |
| **51.** | Одлука за утврдување рокови за спроведување мерки за финансиска поддршка и субвенционирање на трошоци за културна и туристичка промоција на градот Охрид. | **198** |
| **52.** | Програма за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид за 2019-2020 г. | **199** |
| **53.** | Јавна објава | **201** |
| **54.** | Јавна објава | **201** |
| **55.** | Јавна објава | **201** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/84** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај за реализација на Програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**Годишен извештај за реализација на**

- **ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2018 – 31.12.2018 ГОДИНА**

Извештајот е изработен за период од една година иги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот затуризам илокален економски развој, Одделение за Туризам во периодот од 01.01. до 31.12.2018год. за реализација на:

- РАЗВОЈНА ПРОГРАМАГ2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2018 – 31.12. 2018ГОДИНА

Во периодот 01.01.2018 – 31.12.2018 год. Одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туристички дејности**
2. **Промоција на Охрид како туристичка дестинација**
3. **Развој на туристичка инфраструктура**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем
- Процес на продолжување на решенијата за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем,
- Промоција на туристичката понуда на Охрид Белград – Р. Србија, Варшава – Полска, Александровац, Србија, Тирана р. Албанија.
- Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ доставен промотивен материјал од Охрид на меѓународните туристички саеми и берзи.
- Објавени 2 јавни повици за финансирање на проекти за развој на туризмот за 2018
- Јавен повик за субвенционирање на таксата за привремен престој на физиките лица кои вршат угостителска дејност од мал обем
- Подготовка на документација за објавување на тендер за поставување на информативни табли и Хот Спот уреди
- Организација на промо тура со новинарите од Нордика Естонија
- Реализација на меѓународни проекти
- Репортажа на Охрид во Естонски списанија “GO Reisiajakiri“и “PULSS”
- Организација на манифестацијата ВИНО И СИРЕЊЕ 2018
- Организација на манифестацијата ОХРИДСКА СОФРА 2018
- Организација на манифестацијата ДЕНОВИ НА МЕДОТ
- Организација на манифестацијата ОХРИД КРАФТ
- Организација на манифестацијата БЕЛО ЛЕТО 2018
- Организација на манифестацијата Ohrid Calling 2018
- Постапка за печатење на промотивен материјал за град Охрид
- Објава на јавен повик за користење на недвижен имот – туристичко биро

**Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1**

## АНЕКС 1

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2018 год.

1. Управување со туристички дејности
2. Промоција на Охрид како туристичка дестинација

3. Развој на туристичка инфраструктура

4. Подготовка на проекти и проектно управување

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2018 год. во однос на 2017 год.),според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01.2018 – 31.12.2018 год.**

## 1. УПРАВУВАЊЕ СО ТУРИСТИЧКИ ДЕЈНОСТИ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид - активни мерки за подобрување на конкурентноста и услугите во туристичко – угостителскиот сектор** | | | | | |
| **1** | Јануари-Декември 2018 | Изработка на Стратегија за развој на туризмот на општина Охрид | Во рамки на активностите на SWISS Contact и IMEI програмата, а во соработка со универзитетот во Сент Гален, се изработува Стратегија за развој на туризмот на Општина Охрид | После одржаните нови состаноци со изработувачите на стратегијата, констатирано е дека потребно е да се вклучи нов пристап кон нејзината финализација, вклучувајќи ги и насоките кои треба да се добијат од УНЕСКО. Воедно во овој период во Охрид престојуваше експерт од Global Sustainable Tourism Council, кој изврши прелиминарни истражувања за проценка на дестинација, како дел од активностите кои ќе бидат дел од процесот на развој на стратегијата. До крајот на 2018, изработувачот не ја достави финалната верзија со што се прекршени одредбите од Меморандумот за соработка. Поради тоа, во 2019 со средства од општинскиот буџет ќе се изработува нова стратегија. | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.2. Управување со туристичките дејности од мал обем во надлежност на единицата на локална самоуправа Општина Охрид** | | | | | |
| **1** | Јануари-Декември 2018 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат | Регистрирани во општина Охрид има вкупно 2742 станоиздавачи, од кои со важечки решенија на крајот на 2018 се 791 станоиздавачи. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | угостителска дејност и изведување на процесот на категоризација на објектите. | | тековните активности на одделението. |
| 2 | Јануари-Декември 2018 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи | Постапката за продолжување на решенијата за категоризација се одвива по претходно утврдена процедура. | Во текот на 2018 година продолжени се 140 решенија за категоризација а издадени 111 нови решенија. | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните активности на одделението. |
| 3 | Јануари – Декември 2018 | Регистрација на физички лица кои вршат услужни дејности поврзани со водениот превоз | Согласно Законот за туристичка дејност сите вршители на туристички услуги поврзани со водениот превоз се регистрираат во регистарот што го води градоначалникот на општина Охрид | Во секторот за ТЛЕР се регистрирани 20 физички лица од оваа област, даватели на услуги поврзани со водениот превоз – кајчиња. | Не се потрошени финансиски средства |
| 4 | Јануари – Декември 2018 | Заверка на нормативи за храна и пијалоци | Согласно законот за угостителска дејност угостителските објекти должми се да ги заверуваат нормативите за храна и пијалоци кои ги нудат односно даваат на своите гости. | Во секторот за ТЛЕР при општина Охрид за 2018 год. согласно надлежноста заверени се 101 нормативи за храна и пијалоци | Не се потрошени финансиски средства |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Јануари-Декември 2018 | Пополнување на база на податоци на вршители на туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Водење на регистар во пишана и електронска форма на лицата кои вршат туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | Евиденција на регистрирани туристички водичи и агенции. Во 2018 евидентирани се 157 туристички водичи во регистарот за водичи. | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.3. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| 1. | Јули-Септемвр и 2018 | Субвенционирање на Туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | Во текот на 2018 година општина Охрид донесе нов правилник кој предвидува висината на субвенцијата да изнесува 100% од уплатените средства кон општина Охрид (однодно 80 % од уплатената ТПП). Средствата се доделуваат исклучиво со претходно поднесено барање и спецификација за директно реинвестирање во сместувачкиот капацитет. Целта на оваа мерка е да се подигне квалитетот на капацитетите кои ги нудат давателите на услуги од | По објавениот јавен повик за субвенционирање на физичките лица кои вршат угостителска дејност во месец јули имаат аплицирано вкупно 16 физички лица кои вршат угостителска дејност. | Вкупно во 2018 г на име субвенционирање на ТПП за период јули – декември 2017 се исплатени 490.635,00 МКД. За периодот јануари – јуни 2018, издадаени се решенија за исплата на 152.880,00 МКД, кои ќе бидат исплатени од буџетот за 2019, додека за периодот јули - декември |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | мал обем. | | 2018 исплатите ќе се вршат по завршување на процесот на теренска и финансиска контрола. |

## 2. ПРОМОЦИЈА НА ОХРИД КАКО ТУРИСТИЧКА ДЕСТИНАЦИЈА

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1.** | **Електронски маркетинг и онлајн промоција на туристичката понуда на Охрид** | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2018 | Електронски маркетинг и онлајн промоција на туристичката понуда на Охрид | Преку оваа активност е предвидено и изработка на мобилна апликација преку која сите коирсници ќе имаат можност да се запознаат со туристичката понуда и услуги од Охрид преку преносните уреди (мобилни телефони, таблети и сл). | Објавени 2 огласи за јавна набавка за услуга Изработка на софтвер мобилна апликација OHRID CITY GUIDE. И двата огласи не беа успешни и оператор не е избран. | Во 2018 за активноста редизајнирање на веб страната www.ohrid.com.mk и хостинг од 12 месеци, се исплатени 82.599,00 МКД, договор склучен во 2017 година. со важност од 12 месеци. |
| **2.2 Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми** | | | | | |
| **1.** | Јули-Септемвр и 2018 | Туристичка промоција на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми | Со цел приближување на туристичкиот потенцијал на Охрид до граѓаните од претходно таргетирани земји, Охрид континуирано беше промовиран преку објавување на статии, репортажи и реклами за Охрид, и тоа во повеќе туристички магазини и списанија од Естонија, како ново емитивно туристичко | Објавени репортажи за Охрид во Естонски туристички списанија “GO Reisiajakiri“и“PULSS“ со цел привлекување на поголем број на туристи од Естонија. | Потрошени финансиски средства во износ од 74.163,00 мкд |

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Потрошени финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | подрачје со директни чартер летови кон Охрид. | | |
| **2.3. Организација на промо-тура „Охрид 2018“** | | | | | |
| **1.** | Април-Јуни 2018 | Организација на промотивна тура 2018 | Промотивната тура предвидува деловен престој на претставници на туристички организации (агенции, туроператори, авиопревозници) и медиуми од таргетирани странски земји, кои престојуваат во Охрид 3-4 дена, при што се запознаваат со туристичкиот потенцијал на градот и околината и остваруваат повеќе деловни средби со претставници на туристичкиот сектор од Охрид. | Со оглед на воведувањето на нови чартер летови од Талин за Охрид, во соработка со Агенцијата за промоција на Туризмот на РМ, во посета беа претставници на повеќе естонски медиуми. Во Охрид престојуваа 2 дена и беа запознаени со сите туристички потенцијали на Охрид. Во овој период се објавени и првите репортажи за Охрид:<br><br>https://www.postimees.ee/4498226/nordica-alustas-lendudega-makedooniasse<br><br>http://reisijuht.delfi.ee/news/news/uus-popp-sihtkoht-nordica-tegi-avalennu-uhke-ajaloo-ja-vapustava-loodusega-suvituslinna-ohridi?id=82522389 | Потрошени финансиски средства во износ од 25.150,00 ден. |
| **2.4. Организација на „Охрид Гастро Тура – Ohrid Gastro Tour“** | | | | | |
| **1.** | Септември-Октомври 2018 | Организација на манифестација „Охрид Гастро Тура – Ohrid Gastro Tour“ во рамки на настанот Taste Ohrid | Оваа активност беше реализирана преку неколку активности како одржување на мастер класови со локални готвачи, промоција | Во рамки на „Taste Ohrid 2018“, на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид се одржаа мастер класови за студентите и готвачите од Охрид, како и за менаџерите на угостителските објекти, на кои | Исплатени финансиски средства во износ од 347.340,00 ден |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | на нови менија од локални производи, свечена вечера и аутдор активности, реализирано од страна на неколку врвни светски готвачи / гастрономи од различни земји со Мишелин звезди. | тема беше подготовка на храна и креирање на модерни менија од локални продукти, како и обука на менаџери на угостителски објекти. Целта на овиер обуки и настани е да се поттикне развојот на локалната гастрономија и вклучување на локалните продукти во гастрономијата на на модерен и атрактивен начин. На настанот учество зедоа шеф Џорџо Диана – мишелин шеф, шеф Раду Зарнеску - Претседателот на романската асоцијација на кулинари, шеф Џорџе Костич, како и многу други локални готвачи. | |
| **2.5. Меѓународна промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Февруари 2018 | Учество на Саем за Туризам и туристичка промоција на Охрид во Белград, Србија | Општина Охрид традиционално секоја година за време на одржувањето на Меѓународниот Саем за туризам во Белград ја организира Охридската Вечер. | Оваа година во Белград се организира Охридската вечер која се одржа на 22.02.2018 во ресторанот Амфора, на која присуствуваа голем број на туроператори и новинари од Р. Србија. На вечерата се подготвуваше традиционална охридска и македонска храна и пијалоци. Од самата промоција беа остварени голем број на контакти за понатамошна соработка како и објавени повеќе натписи и репортажи во пишани и електронски медиуми во Србија. Воедно општина Охрид активно учетвуваше на Саемот за туризам во Белград, Србија. | Исплатени финансиски средства во износ од 285.781 ден. |
| **2.** | Април 2018 | Туристичка промоција на Охрид во Тирана – Р. | Учество на Општина Охрид на Меѓународниот Саем за | Пред бројните учесници, гости и претставници на туристички агенции, | Потрошени финансиски |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Албанија | туризам во Тирана во соработка со Агенцијата за промоција на Туризмот на РМ. | туроператори, медиуми и новинари од Р. Албанија беа презентирани културно – историските знаменитости, природните богатства, различните форми на активен туризам, како и богатата содржина на сместувачките капацитети во Охрид. | средства во износ од 16.500,00 ден |
| **3.** | Ноември 2018 | Туристичка промоција на Охрид на Саемот во Александровац – Р. Србија | Учество на Општина Охрид на Меѓународниот саем за вино ЖУПА 2018 како град партнер | Пред бројните учесници, гости и претставници на туристички агенции, туроператори, медиуми и новинари од Р. Србија беа презентирани националните сорти на македонски вина на меѓународниот саем за вина ЖУПА 2018.<br>Имајќи во вид дека активниот туризам, во кој секако спаѓа и винскиот туризам, претставува туристичка гранка која на пазарите секоја година добива се поголемо внимание и значење. Промоцијата на Охридскиот регион и угостителската понуда на регионални и локални вина во туристички цели претставува можност која треба да се развива и во иднина поинтензивно да се промовира. | Не се потрошени финансиски средства |
| **4.** | Неомври 2018 | Туристичка промоција на Охрид во Варшава - Полска | Учество на Општина Охрид на Меѓународниот Саем за туризам во Варшава во соработка со Агенцијата за промоција на Туризмот на РМ. | Пред бројните учесници, гости и претставници на туристички агенции, туроператори, медиуми и новинари од Полска беа презентирани културно – историските знаменитости, природните богатства, различните форми на активен туризам, како и богатата содржина на сместувачките капацитети во Охрид. | Потрошени финансиски средства во износ од 42.000,00 ден |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Одржани беа бројни средби и состаноци на кои се разговараше за начини за одржливост и зголемување на соработката и бројот на туристи од Полска. | |
| **5.** | Јануари – Декември 2018 | Промоција на Охрид на меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ доставен е промотивен материјал за промоција на град Охрид на меѓународните туристички саеми во:<br>Утрехт, Холандија<br>Истанбул, Р. Турција<br>Словенија, Љубљана<br>Брисел, Белгија<br>Софија, Р. Бугарија<br>Белград, Р. Србија<br>Берлин, Р. Германија<br>Москва, Русија<br>Израел, Тел Авив<br>Данска, Хернинг<br>Унгарија,Будимпешта<br>Хрватска, Загреб<br>Оваа активност опфаќа промоција на туристичкиот потенцијал на Охрид во таргетирани странски земји. | Преку агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на РМ испратени се промотивни материјали како туристички водичи на град Охрид, фотоброшури, постери, брошура на манифестации и др. вид на промотивен материјал се со цел промоција на Охрид на меѓународните туристички саеми и зголемување на бројот на странските туристи. | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.6. Организација на манифестации и поддршка на различни активности и настани поврзани со промоција на туристичките настани** | | | | | |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Јули-Август 2018 | Организација на манифестацијата “ДЕНОВИ НА МЕДОТ“ | Оваа манифестација е одлична можност за промоција на медот и производите од мед од страна на локалните производители. Со оглед на тоа дека настанот се одржа за време на главната туристичка сезона истата беше одлична можност за охриѓани и бројните гости да вкусат квалитетен мед и производи од мед. | Манифестацијата се одржа од 07-09. Август. 2018г, на плоштадот кај Чинарот. Остварена промоција на квалитетниот мед и производите од мед од Охрид и охридскиот регион пред гостите кои престојуваат во Охрид. | Потрошени финансиски средства во износ од 32.845,00 мкд, |
| 2. | Јули-Август 2018 | Организација на манифестација Ohrid Craft Expo 2018 | Целта на манифестацијата е да го промовира занаетчиството и занаетчиите, односно нивните производи и услуги, да го доближи занаетчиството до младите луѓе до граѓаните и до институциите, да поттикне континуирана кампања за промоција на занаетчиството како фактор за економски развој за зачувување на традицијата и културата на нашата земја. | Манифестацијата се одржа од 12-14. Август. 2018г, на плоштадот кај Чинарот. Остварена промоција на широката палета на производи (сувенири, бакрорез,книговез,накит) создадени од вештите раце на занаетчиите и воспоставување поинтензивна соработка во делот на зголемување на мерките за поддршка на занаетчиството кое нуди перспектива за вработување на младите поддржани преку проекти за почнување мали бизниси. | Потрошени финансиски средства во износ од 30.000,00 мкд, |
| 3. | Јули- | Организација на | Фестивалот “Вино и сирење | На манифестацијата присуствуваа голем број | Потрошени |

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Потрошени финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| | Август 2018 | Фестивал на вино и сирење 2018 | 2018” се одржа на 10-11Август, 2018. Овој фестивал ги има сите предуслови на своевиден регионален мини саем на кој се презентираат виното и сирењето од пограничниот регион Охрид-Преспа, како дел од традиционалната гастрономија. Фестивалот беше збогатен со настап на културно уметнички друштва. | на домашни и странски гости пред кои беа промовирани разни видови на сирења и вина, со што се зголеми туристичката понуда а воедно и зголемување на бројот на домашните и странски туристи. се очекува Фестивалот на „Вино и сирење“ да прерасне во значаен туристички настан во Охрид, права можност за презентација на новите техники на маркетинг и продажба, поттикнување на партнерски врски и воведување дополнителни стимулативни мерки. | финансиски средства во износ од 162.500,00 мкд ос кои 44.500,оо мкд се од општински буџет а 118.000,00 мкд, добиени како грант од Програмата SWG. |
| **4.** | Јули-Септември 2018 | Организација на манифестација Охридска Софра | Годинашната туристичко-промотивна манифестација, традиционално се одржа на просторот до црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во селото Скребатно. Манифестацијата, што традиционално ја организира Општина Охрид, преку Секторот за туризам и локален економски развој, помина во несекојдневно дружење и уживање во вкусовите на традиционалната охридска | Манифестацијата пресвтаува одлична можност за промоција на традиционалната охридска кујна пред бројните гости од државата и странство. Во натпреварувачкиот дел учество зедоа 13 учесници од кои тричлената комисија ги избра најдобрите и им додели награди во вкупен износ од 20 000ден.<br>Манифестацијата беше медиумски покриена од голем број на локални и национални телевизии и интернет портали а воедно голем број на посетители беа присутни на настанот. | Потрошени финансиски средства во износ од42.582,00 мкд |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | кујна, а посебен белег и даде натпреварот за подготовка на ѓомлезе. Манифестацијата беше збогатена со настап на етно групата “Три срца”. | | |
| **5.** | Јули-Август 2018 | Ohrid Calling 2018 | И оваа година општина Охрид финансиски го помага фестивалот Ohrid Calling, како и други музички настани, со кои се збогатува туристичката понуда на градот и се привлекуваат поголем број на туристи и посетители. | Одржани концерти на Масимо Савиќ, Zucchero и Владо Јанески на Антички театар, како и настанот Ohrid Calling на СРЦ Билјанини Извори, како и концертите на Северина и Марија Шерифовиќ на СРЦ Билјанини Извори. Според проценките овие настани ги проследија над 50.000 посетители. | Потрошени финансиски средства во износ од5.149.000,00 мкд |
| **2.7. Организација на промотивни активности и настани во соработка со туристичко угостителскиот сектор на Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2018 | Заедничка организација на настани | Одржани неколку средби со претставници Угостителскиот Еснаф на Охрид, Туристичкиот Кластер „Еден“, Здружението на туристички водичи“ и сл, при што се дефинирани конкретни активности кои ќе бидат реализирани во текот на оваа година. | Меѓусебна соработка на локалната самоуправа и туристичко угостителскиот сектор во насока на изнаоѓање на начини и методи за подобрување на имуџот на Охрид, воведување на нови туристички производи и зголемена промоција на градот на национално и меѓународно ниво | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.** | Јули-Септемвр и 2018 | Промотивни настани во заедничка организација со туристичко- | Објавен Втор јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот | Пристигнати беа вкупно 8 проекти. Комисијата за спроведување на техничка евалуација ги рангираше пристигнатите проектни предлози согласно критериумите за техничка евалуација, | Потрошени финансиски средства во износ |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | угостителскиот сектор во Охрид | локален економски развој и туризмот за 2018 год на 16.05.2018 год. | изготви ранг листа на најуспешни проектни предлози и врз тој основ донесе одлука од оваа програмска активност да се кофинансираат следните проекти:<br>1. ТК ЕДЕН-Туристички кластер на југозападна Македонија – „ Wellness & spa на отворено на Охридската ривиера“ – 100.342,00 мкд,(исплатата ќе биде во 2019)<br>2. ЕКОДРОМ – Велосипедски Клуб – „ UNESKO – Велосипедски викенд“ – 130.980,00 мкд. (исплатата ќе биде во 2019)<br>3. Здружение на туристички водичи и придружници Кеј-Охрид – “Брендирање на туристичките водичи на град Охрид“ – 103.500,00 мкд.<br>Истите се реализирани целосно во 2018. | од103.500,00 мкд |
| **2.8.** | **Организација на “БЕЛО ЛЕТО 2018”** | | | | |
| **1.** | Јули 2018 | Организација и реализација на манифестацијата Бело Лето 2018 | Манифестацијата Бело Лето се одржа на 14 јули 2018 година. Официјалниот почеток на туристичката сезона се означи со концертот на Масимо Савиќ во Античкиот Театар, а забавата продолжи со настапот на локални дицеи на сцената пред градското пристаниште. Веднаш по | Општина Охрид традиционално го означува почетокот на туристичката сезона преку организација на манифестацијата Бело Лето. Манифестацијата беше посетена од страна на голем број туристи и посетители од Македонија и странство. | Потрошени финансиски средства во износ од180.408,00 мкд |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | нив, се претстави ѕвездата на вечерта – германскиот суперстар Дј – DJ Tomcraft. | | |
| **2.9. Изготвување на печатен и електронски промотивен материјал за Охрид** | | | | | |
| **1.** | Јули-Декември 2018 | Печатење на промотивни материјали по разни сегменти како Фотобошура, Водич на град Охрид, Брошура за активен туризам, Ќеси, Постери, Флаери итн | Во рамки на оваа активност предвидено е репринт на постоечкиот промотивен материјал преку објавување на тендер. | Подготвена е тендерска документација. Објавен е тендер и избран економски оператор. Материјалите се нарачани и испечатени | Извршена исплата за 2017 г за печатен промотивен материјал во износ од 362.189,00 ден |

## 3. РАЗВОЈ НА ТУРИСТИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Туристички информативен центар** | | | | | |
| **1.** | Јули-Декември 2018 | Објавен јавен повик за пројавување на интерес за користење на недвижен имот – Туристички инфо центар. | Користењето на Инфо центарот ќе биде **исклучиво некомерцијално** (без остварување на профит) со цел промоција на туристичките вредности и производи на Охрид, давање информации од обласга на туризмот, културата и спортот, информирање за различни настани и манифестации, како и дистрибуција на промотивен материјал за туристички содржини. | По спроведување на постапката јавен повик, избрано е Здружението Асоцијација за активен туризам Експлорер 2018 од Охрид, како корисник без надомест на недвижен имот – урбана опрема културно – информативен киоск- туристички инфо центар за период од 01.10.2018 до 01.10.2019, со намена за користење на објектот во насока на обезбедување информации за опслужување на туризмот и посетителите на Охрид, со времетраење од 1 година | Не се потрошени финансиски средства |
| **3.2. Обележување (сигнализација) на туристичките места** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2018 | Сигнализација на туристички места | Со цел подигнување на континуирано подигање на квалитетот на туристичката инфраструктура, ќе бидат поставени информативни табли и хот спот уреди на одредени локации и објекти на територијата на општина Охрид. | За активноста за поставување на бесплатен интернет на 3 локации во Охрид, потпишан е договор со Доо НЕОТЕЛ Скопје како најповолен понудувач. Со оваа активност е предвидено поставување на опрема за беспшлатен интернет на три најпосетувани локации во општина Охрид во времетраење од 1 година.<br>**Поставена е опремата и пуштен е во** | За активноста за поставување на бесплатен интернет на 3 локации во охрид реализирани се финансиски средства во износ од 48.146,00 мкд |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | **употреба бежичниот Хотспот интернет на 3 локации:**<br>- Плоштад Св. Климент Охридски<br>- Плоштад Крушевска република – Чинар<br>- Плаошник<br><br>За активноста за поставување на инфо табли за обележување на 82 туристичките локалитети (културно историски споменици) во градот, избрана е фирмата „Бојта ИНГ“ ДООЕ Скопје, со која е потпишан договор и во наредниот квартал ќе биде завршена оваа активност. Договорот е потпишан на износ од 179.183,00 мкд. | За активноста поставување на инфо табли не се потрошени финансиски средства. Исплатата ќе биде во 2019. |
| **3.3. Финансирање на локални микропроекти со цел поттикнување на развојот на туризмот** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2018 | Прв Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год. беше објавен на 31.01.2018 год. | Целта на оваа проектна активност е финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на развојот на туризмот. | Јавен повик за финансирање на проекти од областа на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год. беше објавен на 31.01.2018 год.Пристигнати проектни предлози 15. Комисијата за спроведување на техничка евалуација ги рангираше пристигнатите проектни предлози согласно критериумите за техничка евалуација, изготви ранг листа на најуспешни проектни предлози и врз тој основ донесе одлука од оваа програмска активност да се кофинансираат следните проекти:<br>1. Никола Балоски - регистриран давател на услуги во рурален туризам Охрид – „Селска кујна-Рурална гастрономија“ – 44.000,00 мкд.<br>2.Здружение за рурален туризам, екологија и | Реализирани средства во износ од 525.750,00 мкд |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | традиција – ОРТЕТ с.Куратица – „Свинишките валавици – Туристичка атракција“ – 120.750,00 мкд,<br>3. Здружение Тренинг центар за европско образование – „Туристички водич Охрид – џебен формат“- 87.000,00 мкд,<br>4. Здружение Натура институт за биолошки и биотехнолошки истражувања – „Да не ги заборавиме старите имиња на локалитетите на Охридското езеро“ – 135.000,00 мкд,<br>5. Здружение Центар за општествен развој Охридија 365 Охрид – „Охрид непресушен извор на убавини“ – 63.000,00 мкд,<br>6. Здружение на граѓани за организирање хуманитарни активности - Подадена рака Охрид – „Медиумска афирмација на руралните туристички можности“ – 80.000,00 мкд. | |
| **2.** | Април - Декември 2018 | Објавен Втор јавен повик за финансирање на проекти од обласста на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год на 16.05.2018 год. | Целта на оваа проектна активност е финансирање на проекти од јавен интерес во насока на поддршка на развојот на туризмот. | Поради остатаок на средства од буџетот, и големиот интерес за оваа активност, објавен беше Втор јавен повик за финансирање на проекти од обласста на одржливиот локален економски развој и туризмот за 2018 год.<br>Пристигнати беа вкупно 8 проекти. Комисијата за спроведување на техничка евалуација ги рангираше пристигнатите проектни предлози согласно критериумите за техничка евалуација, изготви ранг листа на најуспешни проектни предлози и врз тој основ донесе одлука од оваа програмска активност да се кофинансираат следните проекти:<br>1. АКВАТИКА ЈАХТИНГ Здружение за спортско едрење Охрид – „Бови за сидрење на | Реализирани средства во износ од 115.000,00 мкд |

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Потрошени финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | пловни објекти“– 134.569,00 мкд,(исплатата ќе биде во 2019)<br>2.Здружение за промоција на хуманитарни, културни, образовни и еколошки вредности Синан Челеби Охрид - “Ориенталниот дух на старата чаршија – туристички потенцијал на Охрид” – 111.500,00 мкд<br><br>Истите се реализирани целосно во 2018 | |

## 4.ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Потрошени финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1.** | **Подготовка на проекти и проектно управување** | | | | |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Јули-Декември 2018 | Општина Охрид продолжува соимплементација на препораките и забелешките на Мисијата на УНЕСКО, после нивната посета на Охрид. | Во врска со препораките на УНЕСКО , Извештајот за напредокот до Центарот за светско наследство и Акциониот План на Владата на РМ - Општина Охрид и Градоначалникот на Општина Охрид продолжуваат со посветената работа за надминување на на одредени забелешки од посетата на Мисијата на УНЕСКО на Охрид. | Градоначалникот на Општина Охрид и Канцеларија за соработка со УНЕСКО на Општина Охрид во соработка со Владата на РМ, Министерството за култура на РМ, Националната Комисија за УНЕСКО на РМ, Управата за заштита на културното наследство, Министерството за ж/с и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, како и релевантните институции кои имаат ингеренции за заштитата на светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион одржаа заедничка работна средба во Општина Охрид на 16 Август 2018 за координирање на активностите кои треба да се превземат за надминување на неповолните состојби секој во својот домен, како што е предвидено со препораките на УНЕСКО и Акциониот План. Општина Охрид преку Канцеларијата за соработка со УНЕСКО побара од Владата на РМ и Министерствата да се забрза динамиката на имплементација на заедничките активности. Аплициран е проект и е во процес на евалуација | Не се направени финансиски трошоци |
| **4.2.** | **Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | |
| 1. | Јануари – Декември 2018 | Имплементација на Проект „Транснационална соработка“ во рамки на програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014- | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство | Во оваа фаза беше утврден Вкупен буџет на проектот е 1.022.720,00 евра и Финалниот Буџет за Општина Охрид 121.450,00 евра за реализација на проектни активности. Потишан е Партнерскиот Договор (7 проектни партнери од | Во вториот квартал префрлени се 307,500,00 денари буџетски средства |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | 2020, во Приоритетна оска 2: Животна средина, Специфична цел: 2.2 Одржливи територии: подобрување на меѓународната соработка за ефикасноста на ресурсите и климатските промени еластичност. | со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | Кипар, Македонија, Албанија и Грција). Започната е имплементацијата на европскиот проект од 24 јануари.2018 година Отпочната е процедура за истражување на пазар за дел од проектните активности . Одржан е почетен состанок во Лимасол, Кипар и работен состанок во Никозија, Кипар за координација на проектните активности помеѓу проектните партнери. | на посебната сметка на проектот. Во 2018 од оваа ставка се реализирани 27.960,00 денари |
| **4.3.** | **Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | |
| **1.** | Јануари – Декември 2018 | Имплементација на Проект „Транснационална соработка“ во рамки на програмата Интеррег Балкан-Медитеран 2014-2020, во Приоритетна оска 2: Животна средина, Специфична цел: 2.2 Одржливи територии: подобрување на меѓународната соработка за ефикасноста на ресурсите и климатските промени | Имплементација на Проект „Интеррегионално управување со културното наследство Е-систем“ акроним на проектот „ИРК-ХЕРМЕС“во партнерство со Универзитет за технологија од Кипар - Водечки партнер на проектот и партнер 1, Истражувачки и иновативен центар за информации, комуникација и знаење на технологии Атина од Грција - Партнер 2, општина Самос од | Започната е имплементацијата на европскиот проект од 24 јануари.2018 година Отпочната е процедура за истражување на пазар за дел од проектните активности . Одржан е почетен состанок во Лимасол, Кипар и работен состанок во Никозија, Кипар за координација на проектните активности помеѓу проектните партнери. Изработени тендерски документации за работен пакет бр. 1 и 3, и истите се објавени. Од работен пакет еден во тек е избор за проектен менаџмент, а во работен пакет 3 | Не се направени финансиски трошоци |

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| | | еластичност. | Грција - Партнер 3, општина Крф од Грција - Партнер 4, ЕЛЕТ од Грција – Партнер 5, општина Охрид од Македонија - Партнер 6, општина Ѓирокастра од Албанија - Партнер 7. Проектот се однесува на дигитализација на културното наследство преку повеќе активности. | првата објава на тендер беше неуспешна, при што беа извршени дополнителни консултации, и истата ќе биде спроведена во 2019. | |
| **2.** | Јануари – Декември 2018 | Проект од COSME Програмата на Европската Унија – LAKtive Tourism Европски партнерски Проект од повеќе европски земји од Европската мрежа на езера. | Европски партнерски Проект од повеќе европски земји од Европската мрежа на езера. Главната цел на Проектот е продолжување на туристичката сезона и креирање на специфични туристички производи за туристичките дестинации од европските партнери за целна група сениори. | Во периодот од **7-11 Мај 2018** во Охрид се реализираа продолжителните активности од Проектот LAKtive Tourism, а по претходно известување и добиена согласност од Европската Комисија за имплементација на продолжителни проектни активности во Охрид.<br>Делегација на Општина Манзанарес Ел Реал (партнер во европскиот проект), предводена од Градоначалникот на Општината и група од 30 туристи сениори престојуваа во Охрид. | Во согласност на одобрените средства од Европската Комисија за проектниот партнер Општина Охрид за оваа намена (продолжителни проектни активности 7-11 Мај 2018 год.) исплатени се 288.156,00 мкд |

| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - „Месокастро“ | |
| | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс 16 - „Чинар“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - „Кошишта“ | |
| | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - „Воска“ | |

| | | |
|---|---|---|
| **II-2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| | УПВНМ за Св. Наум | |
| | УПВНМ за изградба на туристички локалитет „Горица-Св.Стефан“- „Метропол“ со пристаниште КО Коњско Општина ( | |
| | УПВНМ за индустриска зона „Охрид“ КО Охрид 4 | |

| | | |
|---|---|---|
| **II-3. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО- ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНА ОД ВЛАДА** | | |
| | ЛУПД „Купи куќа за млади„ <br> ▪ **прекината постапка поради неможноста за пренамена од земјоделско во градежно земјиште** | |

| | | |
|---|---|---|
| **III-1. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| | Измена и дополна на ГУП на Охрид за УЗ 7 УБ 7.1; УЗ 10 УБ 10.1; | Прив.иницијатива |
| | ▪ **Одобрена иницијатива се чека отпочнување од страна на инвеститорите** | |
| | Измена и дополна на ГУП на Охрид за УЗ 8 УБ 8.3 УЗ 17 УБ 17.4 | Прив. иницијатива |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Одобрена иницијатива се чека отпочнување од страна на инвеститорите** | |

**III-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| | **Урбан блок 2.2** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | Прив. иницијатива |
| | ▪ **Доставен нацрт- план** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 3 | Прив. иницијатива |
| | • **Вратен до изработивач за корекции по нацрт-план** | |
| | **Урбан блок 2.3** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | Прив. иницијатива |
| | ▪ **За утврдување на совет** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | Прив. иницијатива |
| | ▪ **Планот е на мислење од Комисијата за управување на светско културно и историско наследство за Охридскиот регион** | |
| | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.3 – опфат 7 | |
| | ▪ **Доставена е одобрена иницијатива до инвеститор за активност** | |
| | **Урбан блок 2.4** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по забелешки од анкетни листови** | |
| | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по забелешки од комисијае** | |
| | **Урбан блок 2.5** | |
| | ДУП за УЗ 2 УБ 2.5 | |
| | **Урбан Блок 3.2** | |
| | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **На комисија за одговараат анкетните листови** | |
| | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: „Васил Стефоски“, „Махмуд Рифат“ и новопроектирани ул. | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | **Урбан Блок 4.5** | |
| | ДУП во УЗ 4.5 дел од УБ 4.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Се постапува по забелешки од неиздавање на согласност од МТВ** | |
| | **Урбан Блок 6.2** | |
| | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за | |

| | | |
|---|---|---|
| | 6-та УЗ УБ 6.2 | |
| | ▪ **се чека позитивно мислење од комисијата за Управув светското културно наследство за да биде испратен по на согласност во МТВ** | |
| | **Урбан Блок 7.2** | |
| | ДУП за УЗ 7 дел од УБ 7,2 опфат 1 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | **Урбан Блок 8.1** | |
| | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | |
| | ▪ **Кај планер за постапување по забелешки** | |
| | **Урбан Блок 8.2** | |
| | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 - Опфат 1 ( измена и дополнување) | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | **Урбан блок 9.1** | |
| | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 - Опфат 2 ДЕЛ 1 | |
| | ▪ **се чека позитивно мислење од комисијата за Управување со светското културно наследство за да биде испратен повторно на согласност во МТВ** | |
| | ДУП за УЗ 9 дел од УБ 9.1 – опфат 3 | |
| | ▪ **Постапката е прекината** | |
| | **Урбан блок 10.1** | |
| | ДУП за УЗ 10 дел од УБ 10.1 опфат 1 | |
| | ▪ **планот ќе биде продожен по измената на ГУП** | |
| | **Урбан блок 10.2** | |
| | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Кај планер за постапување по забелешки** | |
| | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 2 | |
| | ▪ **Постапката е прекината** | |
| | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка маала и Градинар | |
| | ▪ **Доставен предлог - план за постапување на забелешки од комисија** | |
| | ДУП за УЗ 10 и 11 за дел од УБ 10.4 и 11.1, опфат 2 (измена и дополнување) | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | **Урбан Блок 11.2** | |
| | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **Се чека одговор од АКН за преклопување на планското решение** | |
| | ДУП во УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **Прекината постапка** | |
| | **Урбан Блок 12.1** | |
| | ДУП за измени и дополнувања на ДУП во УЗ 12 дел од УБ 12.1 - опфат 1 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **планот ќе биде продожен по измената на ГУП** | |
| | **Урбан Блок 12.2** | |
| | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.2 - опфат 2 | |
| | ▪ **Прекината постапка** | |
| | **Урбан Блок 12.3** | |
| | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.3 - опфат 2 | |
| | ▪ **Прекината постапка** | |
| | **Урбан Блок 12.4** | |
| | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | |
| | ▪ **Доставена нова ажурурирана подлога до планер и следува мислење од АКН и повторна јавна анкета** | |
| | **Урбан Блок 13.3** | |
| | ДУП за УЗ 13дел од УБ 13.3 – опфат1 | |
| | **Не доставена корегирана планска програма** | |
| | **Урбан блок 15.5** | |
| | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по забелешките од АКН пред објавувањето на повторна јавна анкета** | |
| | **Урбан блок 15.6** | |
| | ДУП во УЗ 15 УБ 15.6 | |
| | ▪ **Инвеститорот на планот се откажа од инвестирање на планот** | |
| | **Урбан блок 15.7** | |
| | ДУП во УЗ 15 УБ 15.7 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива, отпочната е изработка на планот** | |
| | **Урбан блок 16.1** | |
| | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | |
| | ▪ **На комисија се завршена јавна анкета и презентација на предлог - план** | |
| | **Урбан блок 16.2** | |
| | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **Прекината постапка** | |
| | **Урбан блок 16.3** | |
| | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2 | |
| | ▪ **Се постапува по неиздавањето од МТВ** | |

**III-3. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

| | | |
|---|---|---|
| | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислење од** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **комисија** | |
| | УПВНМ за дел од комплекс „Горица“ – опфат 1 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | УПВНМ за дел од комплекс „Горица “– опфат 2 | |
| | ▪ **одобрена планска програма , планор е во изварботка** | |
| | УПВНМ за дел од комплекс „Горица“ – опфат 3 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | УПВНМ „Горица Север“ | |
| | ▪ **доставен предлог – план на разгледување на комисиј** | |
| | УПВНМ за плански опфат за локалитет „Св.Стефан“ опфат 1 | |
| | ▪ **Се планира отпочнување** | |
| | УПВНМ за плански опфат за локалитет „Св.Стефан “опфат 2 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | УПВНМ за плански опфат за локалитет „Св.Стефан“ опфат 4 | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |
| | УПВНМ Долно Коњско | |
| | ▪ **Прекината постапка** | |
| | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд - населба на место викано Вишо | |
| | ▪ **Се чека пренамена од земјоделско во градежно земјиште** | |
| | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | |
| | ▪ **одобрена иницијатива** | |

| **III-4. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНА СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| | | |
| | ЛУПД со намена Г3 – сервиси на КП. бр. 1141/5 КО Лескоец | |
| | ▪ **доставено ЛУПД за одобрување до комисија** | |
| | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | |
| | ▪ **пред јавна анкета** | |
| | ЛУПД за ГП со намена Б4 деловни простори на дел од КП. 821 КО Косел | |
| | ▪ **ЛУПД на разгледување до комисија** | |
| | ЛУПД за ГП за изградба на објекти за времено сместување (намена А4) КО Коњско (Шипокно) | |
| | ▪ **Планот е завршен** | |
| | ЛУПД за градежна парцела бр.1 на КП. 2440/3 КО Коњско (изградба на објекти со намена А4 – времено сместување) | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **изработувачот постапува по забелешки од комисија, се чека согласност од „ПРОАКВА“** | |

| | | |
|---|---|---|
| **III-5. ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| | Општ акт за село Елшани | |
| | ▪ **општите акти кои се во фаза на мирување до измена на законот која е во тек и потоа ќе бидат довршени.** | |
| | Општ акт за село Долно Коњско | |
| | ▪ **се спрема за согласност во МТВ** | |
| | Општ акт за село Подмоље | |
| | ▪ **подготвени за разгледивање од комисија** | |
| | Општ акт за село Куратица | |
| | ▪ **подготвени за разгледивање од комисија** | |

**Број 08-3742/8**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА–ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица–Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/87**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14 .03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА–ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Територијалната противпожарна единица – Охрид за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/9**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 43 став 1 од Законот за пожарникарство на РМ го изготвувам следниот

# И З В Е Ш Т А Ј

за работата на Територијалната противпожарна единица - Охрид (ТППЕ) и реализација на Програмата за финансиските потреби на ТППЕ за 2018 година, за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

Заради гаснење на пожари, спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации, како и извршување на други работи при несреќи и непогоди воедно и извршување на задолженија, наредби и услуги, ТППЕ Охрид во 2018 година изврши и превзеде за решавање 423 интервенции и тоа:

## I. ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

ТППЕ Охрид во текот на 2018 година изврши вкупно 286 интервениции за гаснење (355 во 2017 год.) на пожари и тоа:

- пожари на објекти - 151 (155 во 2017) интервенција;
- пожари на отворен простор - 118 (183 во 2017) интервенции и
- пожари на сообраќајни средства - 17 (17 во 2017) интервенции.

Пожарите се појавени и интервенциите за гаснење на пожарите се извршени на подрачјето на Општина Охрид 259 (314 во 2017) пожари и Општина Дебрца 27 (33 во 2017).

### 1. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Охрид

На подрачјето на Општина Охрид (градот со населените места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 259 пожари и тоа:

- пожари на објекти - 147 (151 во 2017) интервенција;
- пожари на отворен простор - 97 (148 во 2017) интервенции и
- пожари на сообраќајни средства - 15 (15 во 2017) интервенции.

### 2. Пожари и интервенции за гаснење во Општина Дебрца

На подрачјето на Општина Дебарца (сите населени места) појавени се и интервенирано е за гаснење на вкупно 27 пожари и тоа:

- пожари на објекти - 4 (2 во 2017) интервенција;
- пожари на отворен простор - 21 (29 во 2017) интервенции и
- пожари на сообраќајни средства - 2 (2 во 2017) интервенции.

Според наша интерна проценка на сите појавени пожари во 2018 година настаната е поголема материјална штета само на 15 пожари (21 во 2017) од сите видови во вкупна вредност од 2.970.000,оо денари (1.958.000,оо во 2017).

- Материјалната штета во Општина Охрид на изнесува 1.670.000,оо денари (1.708.000,оо во 2017) и тоа:

а) на објекти 1.460.000,оо денари

б) на сообраќајни средства 210.000,оо денари

- Материјалната штета во Општина Дебрца изнесува 1.300.000,оо денари (250.000,оо во 2017) и тоа:

а) на објекти 700.000,оо денари

а) на сообраќајни средства 600.000,оо денари

Сите пожари со причинета и проценета материјална штета се во приватна сопственот.

Од вкупниот број на пожари и интервенции на ТППЕ Охрид во 2018 година сопственоста на објектите и просторот е:

- во приватна сопственост - 207
- во државна сопственост - 77
- во државно-приватна сопс. - 2

## II. ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

Во текот на 2018 година ТППЕ Охрид во ситуации од потреба на спасување на животот на граѓани и укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации изврши 61 техничка интервенција и тоа:

- интервенции во услови на сообраќајни незгоди - 6 интервенции
- интервенции за отворање на заклучени објекти - 34 интервенции
- обезбедување и санирање состојби после несреќи - 6 интервенции
- акциденти со опасни материи - 1 интервенција
- испумпување на вода од поплавени простории - 2 интервенции
- спасување на луѓе и други од височини и длабочини - 5 интервенции
- други интервенции - 7 интервенции

Техничките интервенции се извршени ПП возила и 165 пожарникари, од кои:

- успешно завршени за време до 1 час - 47 интервенции,
- за време од 1 до 2 часа - 7 интервенции,
- над 2 часа - 7 интервенции.

## III. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ТППЕ ОХРИД

Во придонес за поголема безбедност на подрачјето во Општина Охрид и Општина Дебарца во одредени случаи на потреба, задолженија, барања и наредби, ТППЕ Охрид во текот на 2018 година изврши 76 други активности и услуги и тоа:

- обезбедување на спортски натпревари - 9 интервенции
- обезбедување објекти и други простори - 23 интервенции
- носење техничка вода и вода за пиење - 30 интервенции
- други активности и услуги - 14 интервенции

Пожарите, техничките интервенции и другите активности на ТППЕ во текот на годината се непланирани и непредвидливи активности, како по место на настанот, големината на објектот и просторот, бројна количина и времетраење.

Во текот на 2018 година сите претхпдно наведени активности, ТППЕ Охрид ги извршување со 42 пожарникари, 7 противпожарни возила и 1 теренско возило.

За нормално и безбедно функционирање на ТППЕ и одржување на техничката опрема и средства и безбедно извршување на поставените задачи согласно **Програмата за финансиските потреби на ТППЕ Охрид за 2018 година** во текот на истата реализирани се и потрошени следните финансиски средства:

1. Гориво и масла за возилата – конто 421410

- бензин 370 литри = 24.510 денари
- нафта 2.605 литри = 169.390 денари

вкупно: 2.975 литри = 193.900 денари (планирани 300.000 ден.)

- огревно дрво 25 м$^3$ = 78.000 денари (планирани 80.000 ден.)

2. Регистрација на моторни возила – конто 421420

- вкупно 7 ПП возила и 1 теренско = 61.384 денари (планирани 70.000 ден.).

3. Поправка и одржување на ПП возила – конто 424190

- во текот на 2018 година за претходното потрошени се 344.225 денари (планирани 400.000 денари).

4. Поправки и одржување на други средства и опрема – конто 424440

- реализирани средства = 6.800 денари (планирани 100.000 денари).

5. Договорни услуги – осигурување на вработените – конто 425230

- реализирани средства = 65.200 денари (планирани 120.000 денари).

6. Други трансфери – конто 464990

- реализирани средства = 7.523.471 денари.

По ова конто реализираните средства не беа планирани во 2018 година за што во месец јули е извршена измена на Програмата за финансиските потреби на ТППЕ Охрид за 2018 година и одредени средства од до тогаш планираните се пренаменети за оваа намена.

**Број 08-3742/9**
**14.03.2019год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2018 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/88**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/11**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ - ОПШТИНА ОХРИД ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

Одделението за даноци во рамки на надлежностите на локалната самоуправа ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за даноци, изготвува решенија и ја следи наплатата на даноците.

**ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК**

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година поднесени се **1176** даночни пријави за **данок на наследство и подарок** и формирани се исто толку предмети:

- За 1133 предмети изготвени се решенија;
- За 168 предмети изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за Општина Охрид по основа на издадени решенија по предмети од 2018 година изнесува 8.818.479,00 денари;
- За 965 предмети изготвени се решенија со даночно ослободување;
- 30 предмети се во процедура пред проценувачите на недвижен имот;
- 11 предмети се повлечени од процедура и
- 2 предмети се некомплетни.

Во буџетот на Општина Охрид за 2018 година по основа на данокот на наследство и подарок планирани се приходи во износ од 10.000.000,00 денари. Во периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година по оваа основа остварени се приходи во износ од 9.508.787,00 денари или буџетот е реализиран 95,08 %. Од нив 8.193.002,00 денари се по предмети од 2018 година, а 1.315.785,00 денари се по предмети од претходните години.

Вкупното даночно задолжување за 2018 година по оваа основа изнесува 8.818.479,00 денари. Наплатата по предмети од данок на наследство и подарок од 2018 година изнесува 8.193.002,00 денари или процентуално наплатата изнесува 92,9 %, со состојба на 31.12.2018 год.

Од страна на даночните обврзници поведени се 2 управни спорови на решенија, од кои 1 е вратен на повторно одлучување на првостепениот орган, а вториот е во постапка пред Управниот суд.

**ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

За периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година поднесени се **1178** даночни пријави за **данок на промет на недвижности** и формирани се исто толку предмети:

- За 1125 предмети изготвени се решенија;
- За 1034 предмети изготвени се решенија со даночно задолжување. Даночното задолжување за Општина Охрид по основа на издадени решенија по предмети од 2018 година е во износ од 88.942.468,00 денари;
- За 91 предмет изготвени се решенија со даночно ослободување;
- 24 предмети се во процедура пред проценувачите на недвижен имот и
- 29 предмети се повлечени од процедура.

Од страна на даночните обврзници поведени се 4 управни спорови на решенија, чие решавање е во тек. Во буџетот на Општина Охрид за 2018 година по основа на данокот на промет на недвижности планирани се приходи во износ од 87.000.000,00 денари. Во периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година по оваа основа остварени се приходи во износ од 92.708.770,00 денари или буџетот е реализиран 106,56 %. Од нив 86.802.079,00 денари се по предмети од 2018 година, а 5.906.691,00 денари се од предмети од претходните години.

Вкупното даночно задолжување за 2018 година по оваа основа изнесува 88.942.468,00 денари, а наплатено по предмети од данок на промет на недвижности од 2018 година е 86.802.079,00 денари или процентуално наплатата изнесува 97,59 %, со состојба на 31.12.2018 год.

**ДАНОК НА ИМОТ**

За периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година обработени се **3357** даночни пријави за данок на имот од кои 182 даночни пријави се од страна на даночните обврзници и 3175 по службена должност, **1984** даночни одјави за данок на имот и 902 пријави за промена на имот и истите се целосно обработени.

За 2018 година изготвени се **29 563** решенија за данок на имот од редовен облог и тоа:

**28 946** решенија за данок на имот на физички лица, **617** решенија за данок на имот на правни лица и 191 решение за припис за 2018 година.

Вкупното задолжување по основа на донесени решенија за 2018 година изнесува 86.388.870,00 денари (редовен облог за физички лица 63.752.909,00 денари + редовен облог за правни лица 22.343.929,00 денари + припис 292.032,00 денари).

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година изготвени се 409 решенија за данок на имот по припис за периодот 2014-2018 година, по службена должност, со задолжение во износ 2.203.687,00 денари.

Доставени се на даночните обврзници вкупно 26 567 решенија, односно 89,28 %.

Во буџетот на Општина Охрид за 2018 година по основа на данок на имот планирани се приходи во износ од 78.000.000,00 денари ( 52.000.000,00 денари од физички лица и 26.000.000,00 денари од правни лица ). Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година остварени се приходи во износ од 80.539.401,00 денари ( 59.594.951,00 денари од физички лица и 20.944.450,00 денари од правни лица) или буџетот е реализиран 103,25 %.

Од страна на даночните обврзници поведени се 5 управни спорови до Управен суд Скопје, од кои 4 се во постапка, а за 1 е запрена постапката . Исто така поднесени се 197 други барања по различни основи во врска со данокот на имот и истите се обработени.

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА**

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година изготвени се 4283 опомени за неплатен долг по основа на данок на имот на физички лица во постапка на присилна наплата , 234 опомени за неплатен долг по основа на данок на имот на правни лица како и 68 опомени за неплатен долг по основа на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок. Во истиот период изготвени се и 1899 решенија за присилна наплата на данок на имот и 33 решенија за присилна наплата на данок на промет и данок на наследство и подарок. Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 изготвено е и 21 решение за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата и 19 решенија за ништовност.

**ДАНОЧНО КНИГОВОДСТВО**

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 книжени се 248 изводи со 26 313 ставки, 288 задолженија по решенија за данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок изготвени во *word*, 452 прописи за данок на имот и 151 книговодствено спроведување на решенија за пренасочување на парични средства.

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година за потребите на даночното книговодство и присилната наплата извршено е книговодствено затворање на 12 814 ставки.

**ПОДНЕСЕНИ БАРАЊА**

За периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година поднесени се вкупно **69** барања од кои:

- 3 барања за даночни (не) обврзници на недвижен имот за комплетирање документи за аплицирање за социјални станови, социјална помош и закупнина;

- 13 барања за даночни (не) обврзници на недвижен имот за пред судови, извршители, јавно обвинителство, државно правобранителство, УЈП и МВР;

- 9 барања за комплетирање документи за виза за странство;

- 7 барања за сместување во студентски дом, стипендија и постдипломски студии;

- 27 барања од институции, органи и физички лица за утврдување пазарна вредност на недвижен имот;

- 4 барања за учество на тендер и

- 6 барања по други основи.

Сите поднесени барања се обработени и на истите се доставени одговори.

Во истиот период донесени се и **149** решенија за пренасочување на погрешно уплатени средства како и **10** решенија за поврат на паричен износ.

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година извршено е вреднување и ревреднување на 1064 индивидуални станбени згради (куќи), 865 станови, 323 гаражи, 283 помошни објекти, 99 деловни простори, 4 хотели, 22 административни згради и простори, 75 деловни згради ( производствени згради, магацини, хали и стоваришта) , 4 ресторани и 25 апартмани . За потребите од вреднувањето и ревреднувањето изготвени се **2218** извештаи за проценка на недвижен имот на територијата на општина Охрид од кои 423 извештаи се однесуваат исклучително на земјиште ( дворно место, градежно изградено и неизградено земјиште и земјоделско земјиште).

ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2018 ВО ОДНОС НА 2017 ГОДИНА

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година од данокот на наследство и подарок, данокот на промет на недвижности и данокот на имот остварени се вкупно 182.756.958,00 денари. Во буџетот по овие основи предвидени се приходи во износ од 175.000.000,00 денари, односно буџетот е остварен 104,43 %.

Во 2018 година остварените приходи по основа на даноци изнесуваат 182.756.958,00 денари и се за 26.319.695,00 денари повеќе од 2017 година кога изнесувале 156.437.263,00 денари.

- Кај данокот на наследство и подарок има зголемување за 4.423.180,00 денари ;
- Кај данокот на промет на недвижности има зголемување за 9.041.030,00 денари;
- Кај данокот на имот на физички лица има зголемување за 9.822.137,00 денари и
- Кај данокот на имот на правни лица има зголемување за 3.033.348,00 денари.

Причините за повеќе остварените приходи по сите основи произлегуваат од зголемениот број на даночни пријави за данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок (175 повеќе од 2017 година), зголемениот облог ( утврдената даночна обврска за данок на имот) како и од континуираната и засилена присилна наплата.

**Број 08-3742/12**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/89** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги врши работите што се однесуваат за утврдување на обврската за комунална такса за фирма(назив),изготвува решенија и ја следи наплатата на комуналната такса за фирма(назив),како и изготвување на задолженија за поставување на урбана опрема и врши наплата на истите, изготвување на задолженија за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места и наплата на истите, како и други надлежности утврдени со закон.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма(назив)**

За 2018 година изготвени се **3590** решение за комунална такса за фирма(за комунална такса за фирма - назив и комунална такса за фирма на вршител на дејноста). Доставата на решенијата ги извршија ЈП Комоналец, ЈП Проаква и ЈП Нискоградба) – 3416 решенија и 174 пратени се преку пошта. При доставувањето не се пронајдени 1697 односно не се доставени решенија. Одделението за комунални такси се соочува со бројни проблеми на терен во врска со доставата,поради големиот број регистрирани фирми кои не работат (повеќе од 5-6 години и подолго),а не отпочнале постапка за нивно бришење од регистарот на фирми,односно поради големите трошоци за ликвидација (стечај) на фирмите,сопствениците не се решаваат да ги отпочнат горепоменатите постапки,односно ги оставаат фирмите во состојба на т.н.наречена мирување,промени на адреси на правните субјекти и сл.

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **7.285.003,00** денари.

Во буџетот на Општина Охрид за 2018 година,по основ на комунална такса за фирма предвидени се приходи во износ од **4.500.000,00** денари.Во период од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година остварени се приходи во износ од **7.285.000,00** денари.

Изговени се и опомени за доспеаните долгови, кои се предадени на достава. Одделението за комунални такси се соочува со бројни проблеми при наплатата на доспеаните долгови со присилна наплата,поради неможноста на банките да ги извршат решенијата за присилна наплата од бројни причини,како на пр.стари сметки,затворени сметки,затворени фирми кои не се одјавени во централен регистар,фирми кои постојат како активни,а немаат отворено сметка во банка и сл.

**2.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

Во периодот од 01.01.2018 год до 31.12.2018 год.по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност,врз основа на доставените договори за закуп од Секторот за урбанизам,издадени се **62** ЗАДОЛЖЕНИЈА и остварен е приход во вкупен износ од **3.171.649,00** денари.

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштадите и друг простор во градот.(ТЕНДЕРИ)**

Врз основа на тендерската документација од одделението за јавни набавки и по склучувањето на договорите за закуп,во времетраење од 90 дена,за доделените локации во Секторот за урбанизам,по нивното доставување во одделението за комунални такси издадени се **50 ЗАДОЛЖЕНИЈА** и остварен е приход во износ од **53.697,00 ден.**

**4. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места.**

Во рамки на надлежностите на одделението за комунални такси,изготвени и доставени се 5 решенија за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места,и тоа:

**1.АКЦЕНТ МЕДИА**(за период од 10.06.2018 год. до 10.06.2019 год.) за **21 *рекламни панели-билборди*** за период од една година во вкупен износ од **21,000.00** денари.Истиот износ е наплатен во целост.

2.КАЛА ПЛАКАТ (за период од 10.06.201 до 10.06.2019 год.) за 5 рекламни паноа-билборди за период од една година во вкупен износ од 5.000,00 денари.Истиот износ е наплатен во целост.

3.ЛИД КОМЈУНИКЕЈШНС (за перид од 10.06.2018 до 10.06.2019) за 7 рекламни паноа-билборди за период од една година во вкупен износ од **7.000,00** денари.Истиот износ е наплатен во целост.

4. МАЈ ПЛЕЈС (за период од 26.10. 2018 до 26.10.2019) за 1 рекламно пано-билборд со мултимедијален екран за период од една година во вкупен износ од **1.000,00денари**.

5.ТАЛЕНТА (за период од 27.06.2018 до 27.06.2019) за 12 рекламни паноа-билборди за период од една година во вкупен износ од 12.000,00 денари.На обврзникот му е доставена опомена за за плакаање на обврската.

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 год,по основ на комунална такса за истакнување на реклами,објави и огласи на јавни места остварени е вкупен приход во износ од, **46.000,оо ден.**

**5. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патнички возила.**

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година,остварени се приходи во износ од **5.477.906.00 денари,**а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од **5.000.000,00** ден.

**6.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година изготвени се 101 решенија.Доставени се 103 од кои остварен е приход од **273.838,00** ден. и изготвени и доставени се 40 опомени а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од 330.000. 00 ден.

**7. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година,остварени се приходи во износ од **65.929.512.00 ден,** а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од**, 68.000 000.00 ден.**

**8. Комунална такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба**

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 год.остварени се приходи во износ од **576.720,00** ден., а во буџетот по овој основ предвидени се приходи во износ од **500. 000.00**, ден.

**Број 08-3742/14**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/90**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/15**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на Законот за животна средина(Сл. Весник на РМ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11,123/2012,93/13,42/14,44/15, 129/15,39/16), член 60 од Законот за локална самоуправа(Сл. Весник на РМ бр.5/02) и член 18 од Статутот на Општина Охрид (Сл. Гласник на Општина Охрид бр 8/07), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај

**ЗА ПРОГРАМА Р1**
**ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2018 ГОДИНА**
**од 01.01.2018год до 31.12.2018год.**

Со програмата за заштита на животната средина и природата за Општина Охрид за 2018 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во Општина Охрид, а кои се во функција на на истите во сите медиуми, вода, воздух, почва и природата.
Средствата за реализација на оваа програма се планирани во буџетот на Општина Охрид.

Главна цел на оваа програма е заштита и унапредување на животната средина и природата преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка .
Програмата опфаќа:

- Процена на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, процена и поставување на проблемите од областа на животната средина , базирани на ризикот за човечкото здравје , еко системите и квалитетот на животот;
- Развивање на стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината ;
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината ;

Врз основа на степенот на загаденоста на животната средина во дадено подрачје, содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето , од интерес и во надлежност на општината , а особено за :

- Снабдување со квалитетна вода за пиење во доволни количини;
- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Заштита на воздухот од загадување и подобрување на квалитетот на воздухот;
- Управување со отпад;
- Заштита од бучава настаната како резултат на стопанските и другите дејности и активности;
- Зголемување на енергетската ефикасност;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси;
- Подигање на јавна свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој.

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад , а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид.

Дел од тие програми се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

Во втората половина на 2018година по ребалансот на буџетот на Општина Охрид во програмата за заштита на животната средина и заштита на природата за 2018год. беа додадени два нови проекти и тоа:

1. Услуга за изработка на Студија за оцена на влијанието на „Проектот за реконструкција на Кеј Македонија ,Општина Охрид“врз животната средина со предвидени средства во висина од ------------------------------ 750 000,00денари

2. Услуга за изработка на Студија за валоризација на просторот на Студенчишко Блато заради негово прогласување за заштитено подрачје, со предвидени средства во висина од ----------------------------------------------------------------750 000,00денари

**I. Табела на активности предвидени за заштита на животната средина и природата за 2018год. во опфатениот период , по ребалансот на буџетот на Општина Охрид**

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина врз плански документи** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 200.000, 00ден | Спроведена е процедура за набавка и избран најповолен понудувач **(Завршен проект)** |
| 2. | **Интегрирана имплементација на предлог мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на чинарот на плоштадот ЧИНАР** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 430.000, 00ден | До МЖСПП од страна на Општина Охрид доставена е иницијатива за прогласување на чинарот на плоштадот Чинар за споменик на природата . Спроведена е процедура за набавка но на распишаниот тендер не се јави ниту еден понудувач .Огласот ќе биде повторно објавен. |
| 3. | **Услуга за изработка на локален еколошки акционен план** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 300.000, 00ден | Спроведена е процедура за набавка и избран најповолен понудувач , документот е во фаза на изработка |
| 4. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа | Проектот е реализиран на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | почетокот на месец јуни во текот на неделата за заштита на животната средина.**Завршен проект** |
| 5. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни(акција за собирање на стара хартија во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот не беа предвидени финансиски средства | Проектот се реализираше во соработка со охридските училишта и вработените во општина Охрид по повод 5-ти јуни светскиот ден на животната средина. **Завршен проект** |
| 6. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | Проектот успешно беше реализиран во текот на месец септември и октомври **(завршен проект)** |
| 7. | **Одбележување на Европска недела на мобилност–ден без автомобили** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 20.000, 00ден Во рамките на проектот општина Охрид со нејзините активности беше вклучена во мрежата на европски градови за одбележување на овој ден | Проектот успешно беше реализиран во текот на месец септември. **(завршен проект)** |
| 9. | **Избор на најубаво украсен новогодишен двор или балкон во Општина Охрид за 2019 година** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 20.000, 00ден | Проектот успешно беше реализиран во текот на месец декември. **(завршен проект)** |
| 10. | **Услуга за изработка на Студија за оцена на влијанието на „Проектот за реконструкција на Кеј Македонија ,Општина Охрид“врз животната средина** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 750 000,00ден. | Спроведена е процедурата за набавка , избран е најповолен понудувач и студијата е изработена. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11. | **Услуга за изработка на Студија за валоризација на просторот на Студенчишко Блато заради негово прогласување за заштитено подрачје** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 750 000,00ден | Спроведена е процедура за набавка и избран најповолен понудувач . |

II – Финансиски дел за активности за период 01.01.до 31.02.2018 година
Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани вкупно 95.884,00 денари.

**Број 08-3742/16**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за спорт и рекреација за 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/91**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2018 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**
**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација за 2018 година.

**Член 2**
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/17**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на програмата за спорт**
**и рекреација за 2018 година од 01.01. до 31.12.2018 година**

Спортот и спортскиот живот во Охрид и охридско е присутен уште од дамнешни времиња . Во прво време се среќавале разни форми на активности за покасно истите да прераснат во организиран спорт. Првиот клуб е формиран 1921 год. а денес има регистрирани повеќе клубови во повеќе спортови. Во својот развој спортските клубови и спортот воопшто во Охрид имале свои светли и темни моменти во зависност од остварените резултат . Особено се забележителни остварувањата на пливачите, веслачите едриличарите односно водените спортови а секакао дека најзначајно место во историјата на охридскиот спорт имаат остварувањата на охридските маратонци во пливање при што овој спорт ги афирмира и на меѓународната сцена.

Создавањето услови за спортување на сите генерации, за правилен физички развој на младите генерации преку изградба, реконструкција и опремување на спортските сали, фудбалски игралишта, организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на општината Охрид во сферата на спортот .

Спортските содржини на ЈП„Билјанини Извори“ збогатени со изградбата на 3 тениски и едно повеќенаменско игралиште се порепрезентативните спортски објекти со кои располага Општина Охрид и истите се од есенцијално значење за развој на спортот при што спортот и спортската рекреација со сите нејзини активности, програми и содржини во голема мера треба да ја зголемат и туристичката понуда на Охрид. Секако дека во понудата на спортски објекти во голема мера треба да послужат затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски терени на кои активно се одржуваат натпревари но на истите им е неопходна реконструкција да можат да бидат добра понуда посебно за зимските припреми.

Кога станува збор за младите и спортот и понатаму ќе продолжиме да вложуваме во ресурсите и посветено ќе работиме врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите бидејќи редовната физичка активност и игра се неопходни за физички, ментален, психолошки и социјален развој, добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно останувaат активни и кога ќе пораснат.

Изградба на затворениот пливачки базен е од големо значење. Тој ќе биде пристапен за задоволување на потребите на пливачките клубови и активно ќе се користи за обука на училишната младина за пливачките спортови како и за спортска рекреација на граѓаните од Општината Охрид и пошироко.

Секако дека на Охрид како град на езеро му е потребна стратегија за развој на водените спортови повторно да станат симбол на Охрид со организирање на државни,балкански а секако со обезбедување на предуслови и првенства од повисок ранг, но претходно треба да се обезбедат соодветни просторни услови за клубовите од водените спортови.

Отворањето на дисперзираните спортски паралелки во Охрид ги отвори вратите за создавање квалитетни спортски кадри во ракомет, фудбал и кошарка кои во голема мера треба да го промовираат спортот и Охрид во спортски град но сепак на мислење сме дека отворањето на спортските паралелки не го оправда очекуваниот интерес. Основањето училишни спортски клубови во насока на унапредувањето на системот на натпревари во училишниот спорт во повеќе спортови во училиштата во Општина Охрид ќе биде само материјално оптеретување на училиштата, родителите па и на општината од причина што постојат услови согласно законот за Спорт (терени, тренери, економи, број на ученици и сл.) кои во овој период ни оддалеку не сме во можност да ги исполниме .

Поддршката за учество во училишните лиги во повеќе спортови со активности за организирање и спороведување на натпревари во училишните лиги во повеќе спортови, во соработка со Сојузот на училиштен спорт, со неопходна поддршка за учество во општински,

зонски, регионални и државни натпревари. Она што може училишниот спорт да го направи во воспитанието на младите не можат да го направат многу други форми во воспитно образовниот процес при што физичкото вежбање да се организира под мотото Масовен училиштен спорт – спорт за сите. Неопходна поддршка за учество во општински, зонски, регионални и државни натпревари меѓу училишните екипи во повеќе спортови.

Во извештајниов период продолжи субвенционирањето на трошоците за користење на спортски терени на ЈП„Билјанини Извори“-Охрид , субвенции користат: РК „Охрид 2013“, РК „Лихнид“, КК „АВ“„ ,КК „Колибри“, КБ „Голден Тим“ ДООЕЛ „Црвен Крст“, ГФК „Охрид Лихнидос“, ЖФК „Билјанини Извори“, ОФС Охрид, ФК „ОСК Фер Плеј“, ФК „ЛА МАСИА“, ФК„ФЦ Копенхаген“, ФК„Еврофудбал 2 Вардар“, ФК „Охрид Топ Тим“, КК „Чоле“, „БЦЦ Д СТРОНТЕС“, АК „Охрид“ ТК „Охрид“ ,ПШ „Делфини 2012“ и ПК „Охридски Бранови“ .

По објавениот Јавен повик за финансирање на програми и проекти од јавен интерес на Општина Охрид за 2018 година, извршена е селекција и од областа на спортот добитници се : Општински Фудбалски Сојуз, „Клуб за одбојка на песок БВБ Македонија“, Здружение за спорт и рекреација „ПРВ ДО ВРВ“, ККМ на вода „Стрмец“ , ЖРК „Лихнид“, Здружение на пензионери-Клуб на пензионери, Здужение на спортови на вода„ Акватика Јахтинг“, Здружение 4x4 ОФФ РОАД Охрид, Здружение на инвалиди на трудот-Охрид, Сојуз за спорт и рекреација на инвалиди Охрид, Асоцијација на спортови СПОРТ ЗА СИТЕ – СИТЕ ЗА СПОРТ Охрид , Здужение од областа на коњичкиот спорт„Велгошка Гордост“-Велгошти , ФК „Воска “ Охрид ,ФК „Рудар“ с. Куратица,ФК Лакочереј спорт“ с. Д.Лакочереј,ШК „Ласкер“,Карате клуб „Чоле“,Меѓународен карате турнир Охрид Опен 2018 , Отворени забавни фудбалски школи и БК „Алексо Огненоски“. Со овие субјекти општината Охрид потпиша поединачни договори и врши реализација на истите .

Преку програмски активности настојуваме да ги возобновиме маалските игри пред се се мисли на маалскиот фудбал и баскет.

Направена е целосна анализа на состојбата на спортските терени со програма за целосна санација а воедно направен е приоритет за изградба на спортски терени односно повеќенаменски игралишта онамо каде се неопходни.

Охрид има материјлна основа, но неопходна е функционалност за максимално искористување на истите.

Како резултат на финансирањето и создавањето услови за развој на спортот како дејност од посебен интерес за одбележување се постигнатите резултати на:

Ракометниот клуб „ Охрид 2013“АД се натпреваруваше во Плеј Оф натпреварите во разигрување за титулата Државен првак како и разигрување во Куп натпреварите во Македонија. . ЖРК „Лихнид“ го освои третото место на завршниот турнир .

КК „АВ“ во првата сезона обезбеди натпревари во Плеј Оф .

Со забележителни резултати се: Атлетскиот клуб „Охрид“, Аеро клубот „Охрид“, Теквондо клубот „ХВА РАНГ ИТФ“ Лескоец ,Охридските клубови во стрелаштво.

Фудбалските школи се во врвот на своите категории во Македонија но сепак не можиме да се пофалиме дека од овие школи имаат бенефит фудбалските клубови на подрачјето од општината Охрид а има и мал број на фудбалери од Охрид кои играат за клубови во Македонија.

Поединечни резултати за почит постигнуваат, поединци од Теквондо клубот „Хваранг ИТФ“, АК „Охрид

Извештајот за реализација на програмата за спорт и рекреација 2018 година е конципиран врз основа на приоритетноста на дејностите кои се во делокругот на работните обврски, а којшто произлегува од обемот на листата надлежности спорт и рекреација ЗЛС, Закон за спорт, Закон за здруженија на граѓани и НВО и истиот се реализира согласно Програмата ЛО Спорт и рекреација за 2018 год.

Во областа на спортот Општина Охрид и во 2018 год. продолжи со започнатите активности за вложувањата во спортот и спортските објекти и активностите насочени кон подобрување на спортот во Општината Охрид .

За таа цел постојано се одржуваа контакти со Агенцијата за млади и спорт, МОК,ресорните министерства, спортските клубови, здруженијата, спортските сојузи, јавните претпријатија, образовните институции и др.

Општина Охрид и оваа година во рамките на своите можности, со Буџетската програма: ЛО Спорт и рекреација предвиде средства во висина од **18.950.000,00** , а во извештајниот период потрошени се **18.624.928,00** за реализација на следните активности:

**КОНТО 463120 ТРАНСФЕРИ ДО СПОРТСКИ КЛУБОВИ**

**Потрошени средства во IV квартал: 482.140,00**

| | |
|---|---|
| Фк Ферплеј | 30.000,00 |
| БК Алексо Огеноски | 47.140,00 |
| РК Охрид | 405.000,00 |

Вкупно за цела календарска година(2018) висината на средствата е: **11.593.140,00**

**КОНТО 464990 ДРУГИ ТРАНСФЕРИ**
**Потрошени средства во IV квартал: 244.000 ,00** *и тоа :*

| | | |
|---|---|---|
| „Сојуз на училишен спорт | 150.000,00 | |
| Асоцијација на спортови | 25.000,00 | |
| Клуб за подводни дејности | 59.000,00 | |
| Теквондо клуб Хваранг-Лескоец | 10.000,00 | |

Вкупно за цела календарска година(2018) висината на потрошени средства е: **844.074,00**

**КОНТО 482920 ИЗГРАДБА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ**
**Потрошени средства во IV квартал: 558.855,00** *и тоа:*

| | | |
|---|---|---|
| ЈП „Градски Пазар“ | 300.000,00<br><br><br>258.855,00 | Поставување на ограда во училиштето во с.Горно Лакочереј<br>Уредување на ограда и соблекувална на игралиште во с.Долно Лакочереј |

Вкупно за цела календарска година(2018) висината на потрошени средства средствата е: **585.307,00**

**КОНТО 482930 РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ДРУГИ ОБЈЕКТИ**
**Потрошени средства во IV квартал: 300.000,00** *и тоа:*

| | | |
|---|---|---|
| ЈП „Градски Пазар“ | 300.000,00 | Санација на огради на игралиште во с.Долно Лакочереј |

Вкупно за цела календарска година височината на средствата е: **602.407.00**

Согласно Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за користењер на спортски терени на ЈП „Билјанини Извори“ – Охрид Бр. 07-785/20 од 29.10.2014 год и Одлуката за дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортски објекти Бр.07-4189/41 од 30.12.2014 год.,по основ на покривање трошоци за користење спортски терени, а со цел омасовување и олеснување на натпреварувачките активности на спортските екипи, здруженија и др , на ЈП „Билјанини Извори“-Охрид, се исплатени средства во висина од **5.000.000,00**.

**КОНТО 425130 ИЗНАЈМУВАЊЕ НА ДРУГ ТИП НА ПРОСТОР**
**Потрошени средства во IV квартал: 827.000 ,00** *и тоа :*

| | | |
|---|---|---|
| ЈП „Билјанини извори“ | **827.700,00** | |

Вкупно за цела календарска година(2018) висината на потрошени средства средствата е:
**5.000.000,00**

**Позначајни настани и активности во текот на 2018 год.**

На терените на ЈП„Билјанини Извори“присуство на многу екипи на зимски припреми
Џип ттурнеа Кичево – Охрид ;
Маестрален семинар на Гранд мастер Ким Унг Чоп во Охрид ;
Успешен настап на Охридските стрелци куп- пионери ;
Пријавување на учесници за третиот едукативен камп „Охрид 2018“;
Теквондо клубот Хва Ранг Итф настапи на „Србија Опен 2018“ ;
Теквондо клубот Хваранг фист Охрид настапи на турнир во Скопје ;
Бизнис лига во мал фудбал ;Успешен настап на тенисерите од ТК Охрид во Скопје ;
Настап на карате клубот Кун – су то на меѓународен турнир во Скопје ;
Настап на Охридскиот џиу џицу клуб во Велес ;
Настап на Охридските шахисти на балканското кадетско првенство во Србија ;
РК „Охрид 2013“ трета година по ред во ракометната елита во македонија ;
КК „АВ“ избори пласман во Супер лига ;
Настап на охридските стрелци на Вториот куп – пионери во Штип .
Организација на меѓународна кајак регата со клубот Стрмец –Охрид.

**Број 08-3742/18**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2018-2020 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.- 31.12.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Развојната програма за активностите на општина Охрид во областа на образованието за 2018-2020 година за периодот од 01.01.-31.12.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/92**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2018-2020 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.-31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната програма за активностите на општина Охрид во областа на образованието за 2018-2020 година за периодот од 01.01.-31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/19**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА**
**НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА 2018 – 2020 ГОДИНА**
**за периодот 01.01. - 31.12.2018 година**

**Вовед:**

Во делокругот на своите работни задачи на Одделението за образование ги опфаќа: основното и средното образованието.

Општина Охрид има директни надлежности во делот на образованието.

Надлежностите во образованието се во смисла на основање, финансирање и администрирање на основните и средните училишта, во соработка со централната власт.

Согласно законите за основно и средно образование, како и согласно актуелните правилници и нормативи донесени од страна на ресорното министерство, општината секоја година финансира одреден број активности кои се составен дел на Програмата за образование за 2018 – 2020 година.

***Образование***

На почетокот од 2018 година, Одделението за образование достави до МОН **предлог-план за упис на ученици во прва година** во средните училишта, како основ за подготвување на Конкурсите за упис на ученици во учебната 2018/2019 година.

Во дејностите опфатени во ова одделение, во временскиот рок предвиден со Законот за основно образование и Законот за средно образование, до МОН беа доставени на одобрување Годишните планови за вработување за 2019 год. ,а тековно се доставуваа и измените и дополнувањата на Годишните планови за 2018 г.

Во Одделението за образование, тековно, според потребите се изготвуваа и се доставуваа до училиштата **согласности за отпочнување постапки** за јавни набавки, **согласности за исплаќање средства** од општинската сметка**, согласности за годишни планови** за вработување и воедно, се следи законитоста во овој дел од работењето на училиштата.

Во периодот 01.01.2018 година - 31.12.2018 година, според тековните потреби, издадени се согласности за ангажирање лица до три месеци на ослободени работни места по различен основ: пензионирање, боледување, неплатено отсуство и сл.

Одделението за образование врши контрола на месечните пресметки на плати за вработените во училиштата и истите ги проследува до надлежното министерство.

Исто така, Одделението за образование изготвува согласности за исплата на надоместоци по основ пензионирање и солидарна помош за вработените во училиштата.

Во периодот од 01.01. – 31.12.2018 година продолжено е со реализацијата на постапките за легализација. Извршена е легализација на ОУ „Св.Наум Охридски“ с. Пештани – ПУ Трпејца, ОУ „Григор Прличев“ и ОУ „Христо Узунов“.

Стекнувањето со имотни листови е услов за добивање одобренија за реконструкции, како основ за отпочнување и реализација на низа реконструкции и капитални инвестиции, кои се дел од Програмата за образование.

Во соработка со Одделението за образование во периодот 01.01. - 31.12.2018 година, во училиштата се реализираат поголем број **активности и проекти.** Дел од нив се реализираат континуирано од почетокот на учебната година:

**- Проект „Електричниот отпад создава можности – WEEE Creates possibilities“ – се реализира во соработка со Центарот за климатски промени -** Целта на проектот е подигнување на свеста на населението со фокус на децата од основните училишта во Охрид, за негативните влијанија на електричниот и електронски отпад (ЕЕО) врз животната средина и здравјето на луѓето, како и да ја истакне потребата од селектирање на овој отпад.

Проектот се спроведува во дел од основните училишта во Општина Охрид.

- **Проект „Подобрување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и системите за образование на возрасни“** Целта на проектот е да придонесе за зајакнување на сеопфатен и интегриран систем за доживотно учење со фокус на стручното образование и обука и образование на возрасни, преку воспоставување на динамичка

корелација меѓу образованието и промените како во општествентата сфера,така и на пазарот на труд. Посебен акцент се става на реформите на наставните планови и програми за две и тригодишно стручно образование и обука во тесна соработка со сите релевантни партнери, особено со приватниот сектор и социјалните партнери. Во реализација на овој проект се вклучени и општините, министерството за образование и наука. Партнери во спроведувањето се Британскиот Совет во соработка со ДВВ интернешнел и Центарот за доживотно учење.

- **„Проект за развој на вештини и поддршка на иновации“** – Целта на проектот е модернизација и унапредување на системот на средно стручно образование во траење од 4 години. Проектот се состои од анализа на постојната состојба и изработка на Концепција на средно стручно образование во траење од 4 години (техничко образование), што на крај резултира со нови наставни програми. Проектот се имплементира од Министерството за образование и наука, а е финансиран од заем на Светска банка. Спроведувањето на проектот е во заедничка соработка со локалната самоуправа.

- **Програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“** – се спроведува од страна на МОН, а согласно потпишан Меморандум за соработка со Швајцарската агенција за развој и соработка. Главна цел на програмата е успешно спроведување на теоријата во дневната пракса при работа на воспитно образовните институции, со што би се влијаели на подигнување на еколошката свест кај сегашните и идните генерации на одржлив еколошки и финансиски развој и заштеди не само за градинките и училиштата, туку и на сите инволвирани страни: министерството за образование, општините и пошироката јавност.

- **„ЕРАЗМУС+“ Национална Агенција за Европски образовни програми и мобилност** – во текот на 2018 година од страна на претставници од Општина Охрид се одржа работилница на кои претставници од основните, средните училишта и детската градинка беа повторно запознаени со можностите кои ги нуди програмата „Еразмус+“ и правилата за аплицирање, начинот за аплицирање и како се пополнува апликација. Во текот на месец јануари и февруари училиштата активно аплицираа на повиците кои се објавени во рамки на ЕРАЗМУС + програмата. Исто така се реализираа и обуките во други држави од страна на ученици од СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ и ОУТУ „Ванчо Питошески“, врз основа на претходно добиени проекти.

Во рамки на програмата „ЕРАЗМУС“ на објавениот повик за 2018 година, од Националната агенција за Европски образовни програми финансиски се поддржани проектите на: СОСУ „Св.Кирил и Методиј“ – Проект Learning by doing (Учење преку пракса); ОУТУ „Ванчо Питошески“ – Проект „Learning from the best“ (Учиме од најдобрите); ОУ „Св.Климент Охридски“ – Проект „The change starts from us!“ (Промената започнува од нас!) и ОСУ „Св.Климент Охридски“ – „Миграција и меѓукултурни односи“ и „Connecting schools across border 2018-2020“.

- **ПРОЕКТ “ЗАСТАПУВАМЕ, ЗАЈАКНУВАМЕ, СЕ ПОВРЗУВАМЕ”** - Проектот се спроведува од страна на Здружение за поддршка на деца и млади со различности „Сината Птица“ Скопје. Имено, проектот ги мапира услугите што им се достапни на семејствата на децата и младите со попреченост во три општини, меѓу кои и Општина Охрид. Со проектот беа опфатени основни училишта од Општина Охрид, како други институции и здруженија на граѓани. Образованието на лицата со попреченост останува голем предизвик поради недоволната подготовка на наставниците, немањето поддршка од надлежните државни институции, односно Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, како и недостапноста на специјализирани училишта.

**- Проект „Живеј здраво, Живеј безбедно“**

Согласно програмата за образование, Општина Охрид во соработка со СВР Охрид, Црвен Крст, Извиднички одред „Пионер“, основните училишта, ЈОУДГ „Јасна Ристеска“ и „ТАМАРО“ Охрид, оваа година го реализираа проектот „Живеј здраво, Живеј безбедно“.

Целта на проектот е преку спортски игри учениците од основните училишта да промовираат здрави животни стилови. Целта покрај промоција на здравиот начин на живот и здравата исхрана, е преку спортските игри учениците да испратат пораки за првенција од насилство, дрога, алкохол и цигари.

Спортските игри се реализираа кај градскиот парк на улица „Кеј Македонија“ (наспроти Центарот за култура) по повод „Светскиот ден на здравјето на 5-ти април, 2018 година. Настанот опфати реализација на повеќе активности.

Формираните екипи од основните училишта од Општина Охрид, под менторство на претставници од Извиднички одред „Пионер“се натпреваруваа во повеќе тимски игри: сијамски близнаци, итра лисица, жонглирање, петлица, вешт келнер и влечење јаже.

Претставниците од Црвен Крст на настанот демонстрираа техники за укажување на прва помош, каде учениците имаа можност и сами да даваат прва помош.

На настанот беа присутни и претставници од секторот за превенција при СВР Охрид, кои безрезервно и постојано соработуваат со Општина Охрид и училиштата, преку реализација на предавања во сите основни и средни училишта за превенција од насилство, дрога, алкохол и цигари, како и во решавање на сите други проблеми со кои се среќаваат училиштата во текот на своето работење, а се однесуваат на безбедноста на учениците.

Во реализацијата на настанот беа вклучени и дваесетина деца од поголемите групи од ЈОУДГ „Јасна Ристеска“, кои под менторство на претставниците од Извиднички одред „Пионер“ изведуваа креативна активност изработка на оригами. Оваа активност на дечињата им овозможи да се дружат и да ги развиваат своите креативни способности.

Како помагател на настанот се вклучи и реномираната и одговорна фирма „ТАМАРО“ Охрид.

Придобивките од реализацијата на овој проект се големи пред се поради тоа што на овој начин се продлабочува соработката помеѓу училиштата, градинките, Општина Охрид, невладиниот сектор и останатите фирми и институции во градот. Меѓусебната соработка е услов за постигнување на поголем успех во реализација на активностите, како и можност со заеднички заложби да се решаваат проблемите на територија на Општина Охрид.

**- Проект „Жогарија“**

Одделението за образовние се вклучи во реализација на меѓународниот проект „Жогарија“, што се организираше од страна на секторот за меѓународна соработка, во соработка со здружение од Република Словенија. Реализацијата на овој проект во последните 12 години го отелотворува едно од најважните верувања - фудбалот кој може да го подобри квалитетот на животот кај младите луѓе, да ги збогати со вредности како солидарност, чесност, одговорност и да ги поттикне промените на подобро во локалните заедници и пошироко. Проектот се реализира во 9 земји: Словенија, Италија, Австрија, Унгарија, Хрватска, БиХ, Србија, Македонија и Црна Гора.

Во реализација на настанот беа вклучени ученици од основните училишта од Општина Охрид и дечиња од детската градинка, кои во спортската сала ЈП „Билјанини извори“ играа фудбал.

Настанот се реализираше на 9 Мај – Денот на Европа.

**- „Детски семафор 2018“**

Одделението за образование во соработка со Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Охрид, Министерството за внатрешни работи, и оваа година, заедно со учениците од основните училишта во Охрид, ја реализираа традиционалната општинска сообраќајно-воспитна манифестација "Детски семафор".

Општинскиот натпревар "Детски семафор 2018" се одржа на 16 мај. Натпреварот се состои од два дела: теоретски дел кој опфаќа електронско полагање сообраќајни тестови (полагањето се реализира во ОУ „Христо Узунов“) и практичен дел - вешто возење на велосипед (што се реализира на сообраќајниот полигон на Кеј „Македонија“).
Целта на Општинската сообраќајно-воспитна манифестација "Детски семафор" е едукација и издигнување на сообраќајно-техничката култура кај младите, запознавање со сообраќајните правила и прописи и подобрување на безбедноста на сообраќајот.

**- „Матурска Парада 2018“**
Матурската парада во Република Македонија, во текот на изминатите единаесет години, од благородна идеја прерасна во очекувана традиционална манифестација за одбележување на еден од најзначајните настани за матурантите.
И оваа година продолжи традицијата на одржување на „Матурската парада 2018“, во која учество зедоа матурантите од четирите средни училишта од Општина Охрид.
На 18 мај точно во 12 часот, на градскиот плоштад Св. „Климент Охридски“ матурантите повторно го танцуваа матурскиот квадрил, со своите врсници од шеесетина градови на Централна и Југоисточна Европа. На овој начин заеднички постепено, заедно со младите од година во година создаваме нова традиција во одбележувањето на матурирањето, што е во согласност со стремежите на младите за меѓусебно поврзување, околу една заедничка идеја.
Матурската парада за прв пат во Република Македонија почна да се одржува во 2007 година, само во две општини: во Охрид и Скопје.

**- „24 мај Денот на сесловенските просветители“**
По повод „24 мај – Денот на сесловенските просветители“ на најдобрите ученици од основните и средните училишта им беа доделени награди за постигнатите успеси на регионални, државни и меѓународни натпревари. Годинава беа наградени околу 250 ученици.

Активностите од областа на образованието се финансираат од: блок дотации, општински средства, сопствени приходи и од донации.

**Дел од активностите кои се финансирани од сопствени средства и донации по училишта:**

***ОСНОВНИ УЧИЛИШТА***

**- Во ОУ „Живко Чинго“ с.Велгошти**

| | |
|---|---|
| - Направен е преграден ѕид за библиотека | 41.570,00 ден. |
| - Набавка на вариолајт завеси | 22.240,00 ден. |
| - Набавка на книги | 14.692,00 ден. |
| Вкупно: | 78.502,00 ден. |

**- Во ОМУ „Методи Патче“**

| | |
|---|---|
| - Извршени се поправки и одржување (врати) | 30.000,00 ден. |
| - Набавка на опрема (флејти) | 35.000,00 ден. |

(пијанина) 319.780,00 ден.

- Набавка на столови, бироа и друга опрема 90.401,00 ден.

Вкупно: 475.181,00 ден.

**- ОУ „Кочо Рацин“**

- Печатар HP LASER PRO MFP M26a 5.890,00 ден.
- LCD Држач за телевизор 1.150,00 ден.

Вкупно: 7.040,00 ден.

**- ОУ „Братство единство“**

Извршена набавка на:

- Печатар CANON MF411 DV 27.354.00 ден.
- Pentium lap top Lenovo 17.686,00 ден.
- Printer Lenovo ideapad 330 + PRINTER 20.399,00 ден.

Вкупно: 65.439,00 ден.

Донација – од КОАЛИЦИЈА „СЕГА“:

- принт HP M15a 3.990,00 ден.
- компјутер HD LED 15.6 11.980,00 ден.

**- Во ОУ „Христо Узунов“**

По основ на донација, училиштето добило: 5 фиокари, 12 комоди, 4 двокрилни плакари, 4 еднокрилни плакари, 3 табли и 4 масички.

**- ОУ „Григор Прличев“**

- Набавени два ЛЦД телевизори како донација од родители;
- Набавка на 10 ipad за потребите на наставата по германски јазик како донација на Гете институт во вредност од 8.000,00 евра;
- Хортикултурно уредување на дел од училишниот двор како донација на Гете институт во вредност од денари 60.000,00 ден.

**- ОУ „Св. Климент Охридски“**

- Донација од Холандија за децата со посебни образовни потреби (набавени играчки, дидактички матерјали, СМАРТ табла и ЛЦД проектор, три телевизори,и печатар за потребите на овие ученици - во вредност од 2250 евра;
- Донација од Австралиската амбасада, за децата со посебни образовни потреби во износ од 5326 австралиски долари, за набавка на „гасеница„-платформа за движење на инвалидски колички низ училиштето;
- Донација од Ротари клубот за децата со посебни образовни потреби - лаптоп, дидактички матерјали и печатар;
- Донација на рампа за инвалиди (Здружение за еднаква застапеност на лица со посебни потреби во медиумите СОС Балкан Медиа - Охрид).

**- ОУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец**

- Реконструкција на подрумските простории во училиштето со донација од компанијата „Васалда“ и донација од „Лавче Компани“. Донацијата изнесува 500 евра;
- Месната заедница од с.Лескоец во месец ноември постави забавен парк во училиштето;
- 1 пакет за биологија (микроскоп и дополнителни материјали) и техничко образование, 2 ЛЦД проектори, 1 кабел со HDMI приклучок, 3 ламби за ЛЦД проектори, 4 глувчиња со ПС приклучок за компјутери, 3 кабли за печатари, 1 лап топ, 1 ЦД ром, преку Здружението на граѓани Macedonian school project;
- 20 ранци за првачиња донирани од НВО Лајонс клуб „Лихнидос“;
- 4 табли од германско здружение на моторџии.

**СРЕДНИ УЧИЛИШТА**

**- ОЕМУЦ „Св.Наум Охридски“**

| | |
|---|---|
| - Извршена набавка на косилица | 12.999,00 ден. |
| - Набавена е видео опрема | 34.838,00 ден. |
| Вкупно: | 47.837,00 ден. |

- Донација - Набавена е ЦНЦ машина 28.500,00 ден.

**- ОУТУ „Ванчо Питошески“**

- Набавен телевизор 14.198,00 ден.

ПОТРОШЕНИ **ОПШТИНСКИ СРЕДСТВА** (СМЕТКА 603) ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА за периодот 01.01. - 31.12.2018 год. (според книговодствената евиденција):

***Н1-основно образование*** *30.958.693,00 ден односно 73,17% од вкупно планираните*

- 11.054.992,00 ден. исплатени се за комунални услуги, електрична енергија, нафта, дрва за греење, водовод и канализација, комуникации;

- 12.915.316,00 ден. исплатени се по судски решенија (за стари долгови на ОУ„Григор Прличев“);

- 4.737.152,00 ден. исплатени се за превоз на ученици;

- 934.947,00 ден. исплатени се за одделенски наставници ангажирани во продолжен престој;

- 225.586,00 ден. исплатени се за извршени систематски прегледи на вработените во училиштата;

- 434.211,00 ден. исплатени се за тековно одржување на згради и опрема (санација на централниот објект на ОУ„Братство единство“ ,санација на парното греење во ОУ„Св.Климент Охридски “ каде е извршена набавка, уградба и монтажа на

циркулациона пумпа и демонтажа на постоечка пумпа, корекција на црна цевка за парно и ОУ„Св.Наум Охридски“Пештани каде извршена е реконструкција на парното греење );

- 172.265,00 ден исплатени се за судски такси по судски решенија во ОУ„Братство-единство“;
- 79.114,00 ден. исплатени се по основ дезинфекција, дезинсекција и дератизација;

- 405.110,00 ден.исплатени се по основ трансфери при пензионирање и солидарна помош.

***Н2- средно образование** -146.812,00 ден. односно 29,36% од вкупно планираните општински средства*

-107.489,00 ден. -за Матурска парада 2018 г.(маици и чадори);

- 39.323,00 ден - за добиено мислење во однос на основниот проект за спортска сала во ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“ , делот за геомеханика.

*Од Програмата **А0***, исплатени се вкупно 1.998.000,00 ден. за стипендии на ученици и студенти.

ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД **БЛОК ДОТАЦИЈА** (СМЕТКА 903) ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА, за периодот од 01.01.-30.12.2018 год. (според книговодствената евиденција):

*1. За **основно образование**, од средствата добиени како блок дотација во период од 01.01. – 31.12.2018 година исплатени се вкупно **214.646.602 ден**. односно 96,49% од вкупно планираните*

- За плати и придонеси на вработените исплатени се вкупно 201.901.888,00 ден.;
- 4.454.716,00 ден. се распределени за комунални услуги (греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 843.774,00 ден. се исплатени за канцелариски материјали, средства за хигиена;
- 143.508,00 ден. се исплатени за поправки и тековно одржување;
- 3.902.751,00 ден. се исплатени за превоз на ученици и други договорни услуги;
- 99.965,00 ден. за други тековни расходи;
- 300.000,00 ден. исплатени се за отпремнини при пензионирање и солидарна помош.

2. *За* ***средно образование*** *од средствата добиени како блок дотација во период од 01.01. – 30.12.2018 г., исплатени се вкупно* ***122.498.159,00 ден****.односно 94,72% од планираните*:

- 89.109.160,00 ден. се исплатени за основни плати и придонеси за вработените во средните училишта;
- 23.265.278,00 ден. се исплатени за превоз на ученици;
- 7.911.978 ден. се исплатени за комунални услуги (греење, електрична енергија, вода, ѓубретарина, телефонски услуги);
- 521.300,00 ден. се исплатени за канцелариски материјали, средства за хигиена и нагледни средства;
- 298.063,00 ден. исплатени се за опрема и училишен мебел (за поткровјето на ОСУ „Св.Климент Охридски“);
- 99.153,00 ден. се исплатени за објавување огласи и за други оперативни расходи;
- 442.229,00 ден. се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош;
- 479.526,00 ден. се исплатени за договорни услуги,копирање,печатење, семинари ,конференции,правни услуги и сл.;
- 156.180,00 ден. исплатени се за систематски прегледи на вработените;
- 179.479,00 ден. исплатени се за поправки и тековно одржување;
- 43.497.00 ден исплатени се за осигурување на објекти.

**ДОНАТОРСКИ СРЕДСТВА** сметка 785 ( ОД ПРОЕКТИ ) Програм Н1, за периодот 01.01.-31.12.2018 год., според книговодствената евиденција, потрошени се 1.284.620,00 ден. или 57,33% од предвидените средства.

-399.120,00 ден – исплатени се за активности поврзани со проект во ОУ„Христо Узунов“ Охрид и

- 885.500,00 ден исплатени се за активности поврзани со проектот Еразмус + во ОУ„Св.Климент Охридски“ Охрид.

**ДОНАТОРСКИ СРЕДСТВА** сметка 785 ( ОД ПРОЕКТИ ) Програм Н2, за периодот 01.01.-31.12.2018 год., според книговодствената евиденција, потрошени се 12.032.924,00 или 40,11 % од планираните средства

12.032.924,00 ден – исплатени се за активности поврзани со проекти од програмата Еразмус+ ( ОСУ „Св.Климент Охридски“,СОСУ„Св.Кирил и Методиј“ и ОУТУ„Ванчо Питошески“) и проект на UNDP (ОЕМУЦ„Св.Наум Охридски“).

Училиштата до Советот на општината имаат доставено извештаи за финансиското работење во фискалната 2018 година,каде подетално е наведено од која сметка колку средства се потрошени и за која намена(книговодствено ,по конта).

**Број 08-3742/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2018-2020 ГОДИНА, ЗА ПЕРИОД ОД 01.01-31.12.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за детска заштита за 2018-2020 година, за период од 01.01-31.12.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/93** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2018-2020 ГОДИНА, ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.-31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната програма за детска заштита за 2018-2020 година, за период од 01.01.-31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА**
**РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2018 – 2020 ГОДИНА**
**за период од 01.01. - 31.12.2018 година**

**Вовед:**

Заштитата на децата се остварува со обезбедување услови и ниво на животен стандард што одговара на физичкиот, менталниот, емоционалниот, моралниот и социјалниот развој на децата. Државата, како и единиците на локалната самоуправа се грижат за давање соодветна материјална помош на родителите за издржување, подигнување, грижа и заштита на децата и организирање и обезбедување на развој на установи и служби за заштита на децата.

Во тој правец ,во рамки на своите надлежности, Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита во делокругот на своите работни задачи ги опфаќа активностите во смисла на основање, финансирање и администрирање на детската градинка, во соработка со централната власт.

Согласно Законот за детска заштита како и согласно актуелните правилници и нормативи донесени од страна на ресорното министерство, Општината секоја година финансира одреден број активности кои се составен дел на Развојната програма за детска заштита за 2018 – 2020 година.

## *Детска заштита*

Во Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита тековно, според потребите ,се изготвуваат и се доставуваат **согласности за исплаќање средства** од општинската сметка и воедно, се следи законитоста во овој дел од работењето на градинката.

Во периодот 01.01.2018 година - 31.12.2018 година, според тековните потреби, издадени се согласности за ангажирање на 26 лица на определено време преку Агенција за посредување при вработување.

Секторот врши контрола на месечните пресметки на плати за вработените во детската градинка и истите ги проследува до надлежното министерство.

**Во соработка со Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита, во периодот 01.01. - 31.12.2018 година, во детската градинка се реализирани неколку активности и проекти:**

- **„Реонскиот полицаец Ве советува“ -** се реализира во соработка со СВР Охрид – Отсек за превенција, со цел обезбедување на безбедна средина за живот на децата, како и подигнување на свеста кај децата за личната одговорност и самозаштита. Проектот се реализира во основните училишта.

- **„Мојот пријател полицаец“** – Поради неинформираност на децата од предучилишна возраст за значењето на општата безбедност и значењето на полицијата, Секторот за образование при општина Охрид, градинката „Јасна Ристеска“ и МВР-Охрид превзедоа мерки и активости со планиран проект на тема: „За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец“, што континуирано се имплементира во програмските активности на градинката. Реализацијата на проектот опфаќа повеќе активности:
- посети на униформирани полицајци во градинка на децата од 5-6 годишна возраст и заеднички разговори; изработка на сообраќајни знаци, крстосници и возила од отпадни и природни материјали и цртежи и реализирање на изложба од истите; посета на полициска станица, езерска полиција, полициско возило и запознавање со работата на полициските служби и нивната опрема, кој се реализира со вклучување на родителите.

- **„Детски БОНТОН“** – Целта на овој проект е едукација на деца од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот. Тоа би допринело и за поквалитетно живеење, поголема

толеранција, спречување на конфликти и меѓусебно почитување. Особено родителите и воспитувачкиот кадар во градинките треба да бидат пример од кој децата ќе учат како децата да се однесуваат. Реализацијата на проектот опфати: изработка на Прирачник „Бонтон за деца“, прикажување на видео материјал преку кој децата се едуцираа како треба да се однесуваат, влијание врз воспитниот кадар и родителите преку едукација правилно да ги воспитуваат своите деца, подготовка и реализирање на приредба посветена на убавото и пристојно однесување, едукативни средби со припадниците на секторот за превенција што ги едуцираа децата за начинот на однесување на улица и во сообраќајот, медиумска кампања.Проектот се реализира тековно во сите објекти на градинката.

Во рамки на проектот издаден и прирачникот на турски јазик, за деца припадници на турската националност.

**ПОТРОШЕНИ ОПШТИНСКИ СРЕДСТВА, СПОРЕД НАМЕНАТА**
**за периодот 01.01. - 31.12.2018 год. (според книговодствената евиденција)**

***В1 детска заштита / 3.074.753,00 ден.,односно 76,86 % од предвидените за 2018 г.***

- 3.074.753,00 ден. исплатени се за договорни услуги за лица ангажирани во градинката преку Агенција за посредување при вработување.

  Поради недостиг на кадар вработен преку МТС,Општина Охрид финансира вработувања преку Агенција за посредување при вработување.

**ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ОД БЛОК ДОТАЦИЈА ПО ПРОГРАМИ, СПОРЕД НАМЕНАТА, за периодот од 01.01. - 31.12.2018 год. (според книговодствената евиденција):.**

*1. За **детската градинка,** од средствата добиени како блок дотација во период од 01.01. – 30.12.2018 година исплатени се вкупно **37.687.882,00 ден.** односно 95,41 % од предвидените за 2018 г.*

- 31.508.392,00 денари се исплатени за основни плати и придонеси за вработените

- 6.007.760,00 денари се исплатени за комунални услуги, греење, комуникација и транспорт

- 171.730,00 денари се исплатени за отпремнини по основ пензионирање и солидарна помош.

Од сопствени приходи на Градинката исплатени се 9.976.515,00 ден. односно 79,8% од предвидените за 2018 г.

ЈОУДГ„Јасна Ристеска “ Охрид до Советот на општината има доставено финансов извештај за работењето во фискалната 2018 год.

**Број 08-3742/22**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.201 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за социјална заштита за периодот од 01.01. до 31.12.201 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/94**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмта за социјална заштита за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/23**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**
**за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година**

1.***Субвенционирање на трошоци за комунални услуги со вкупен износ од 670,00 денари месечно за секој корисник на субвенција***

**Активност**: Субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓани кои се изложени на социјални ризици. Вкупниот износ на субвенцијата изнесува 670,00 денари за секој корисник (вода до 320 денари, отпад до 150 денари,отпадни атмосферски води до 150 денари, гробарина до 50 денари).Опфатени се лица кои се корисници на социјална помош, корисници на постојана парична помош, невработени лица и лица кои имаат инвалидитет или тешка болест. Вкупно 313 лица користеа субвенции за комунални услуги.

**Временска рамка**: Во текот на целата година
**Вкупен буџет**: 2.807.379,00 денари од Програмата АО

***2.Реализирање на активностите на проектот за Јавни работи.***

**Активност**: Општина Охрид во соработка со Центар за социјални работи, Агенција за вработување и ЈП Охридски комуналец ангажира 11 лица на спроведување на следните активности:

- косење на тревниот појас помеѓу двете коловозни ленти на потегот од магистралниот пат од Хидробиолошки Завод до нас. Свети Стефан;
- чистење на плажите по охридското крајбрежје на потегот кој се простира под општина Охрид;
- чистење на појасот покрај коловозните ленти на магистралниот пат од Хидробиолошки Завод до св. Наум и потегот покрај магистралниот пат од сообраќајната клучка до Подмоље;
-

**Временска рамка**: 22 работни дена беше активноста на ангажираните лица, но во целост со подготовки и завршен извештај вкупно 3 месеци( мај, јуни и јули)
**Вкупен буџет**: 464.990,00 денари од Програмата АО

***3.Подготовка на активностите за набавка на огревно дрво за грејната сезона 2018/2019 за социјална категорија на граѓани.***

**Активност**: Во соработка со ЈП Македонски шуми – Охрид општина Охрид обезбеди огревно дрво на лица кои припаѓаат на социјално ранливи категории.Опфатени беа околу 50 семејства кои живеат во потешки социјални услови. Активноста беше имплементирана во соработка со Црвен крст и Центар за социјални работи

**Временска рамка**: Активноста се имплементираше во месец октомври, ноември, декември и јануари месец
**Вкупен буџет:** Согласно исплатата на активноста во 2019 година, дополнително со буџет истата активност ќе биде спомната во наредниот квартален извештај

4. ***Проект Општинско – корисно работа со наслов „Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните” – Сите деца се еднакви со еднакви права.***

**Активност**:Проектот е донација од УНДП и во соработка со Агенција за вработување и Министерство за труд и социјална политика. Програмата општинско корисна работа има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено време, заради вклучување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд.
Со проектот се ангажирани 13 образовни и 1 личен асистент со цел поефикасно спроведување на воспитно образовниот процес на децата со попреченост од школска возраст .Проектот започна со имплементација од 1ви Септември и ќе трае до 10 ти Јуни заклучно со завршувањето на учебната година.

**Временска рамка**: од 1ви Септември 2018 до 10 ти Јуни 2019

**Вкупниот буџет**: на проектот изнесува 1.107.000 денари, обезбедени од УНДП за месечни хонорари и 72,900 денари од страна на општина Охрид за промоција на програмата и материјали за работа.

5. ***Дневен центар за лица со интелектуална попреченост***

**Активност:** Месечна помош на Дневниот центар за лица со попреченост за материјални трошоци и подмирување на трошоци за превоз за еднодневни екскурзии и годишна екскурзија која се организира за лицата со попреченост.

**Временска рамка:** Во текот на целата година
**Вкупен буџет:** 50.000,00 денари од програмата по Договор за финасирање на проекти

6. ***Организирање на хуманитарна акција за помош на социјално загрозени семејства***

**Активност:** Општина Охрид организира хуманитарна активност за доделување на социјални пакети за задоволување на основните потреби за храна и средства за хигиена на лицата од социјално ранливите категории

**Временска рамка:** месец Јануари
**Вкупен буџет:** 18.000,00 денари, исплатено од ДО Програма

7. ***Формирање на мобилен сервис***

**Активност:** Во тек е разгледување на можноста за формирање на мобилен сервис за помош на изнемоштени лица кои живеат во Охрид и околните села.Веќе се започнати активности на истражување и воспоставување на контакти со донатори со цел имплементирање на активноста.Активноста ќе ја имплементира општина Охрид во соработка со Здравствен дом, Центар за социјални работи и Црвен крст

**Временска рамка:** тековно
**Вкупен буџет: /**

**Број 08-3742/24**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/95**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2018 ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестациии творештво за периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/25**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО**
**за период од 01.01.2018 до 31.12.2018 година**

Согласно Програмата за работа на Одделението за култура и Програмата за одбележување значјани годишнини и јубилеи, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од обласа на културата , средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.01.2018 – 31.12.2018 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- Во соработка со Македонската православна црква, Детската градинка „Јасна Ристеска“, основните училишта и Здружението за грижи и воспитување на деца, а под покровителство на градоначалникот на Општина Охрид успешно, со масовно присуство на граѓани , беше реализирана верската манифестација **„ Бадникова литија“.**

- Со логистичка поддршка на Општина Охрид и општинските јавни претпријатија беа помогнати урбаните и месните заедници во организациските подготовки за продолжување на долговековната православна традиција за дочек на **Стара нова година - Василица.**

- Во организација на Општина Охрид и МЗ Куратица по јубилеен 20-ти пат во с Куратица се одржа традиционалниот **Василичарски карневал.**
- Под целосно покротвителство на Општина Охрид се реализираа најзначајната и најголемата верска манифестација во Македонија и во целоклупниот православен свет **‚Богојавление – Водици“;**
- Финансиска и логистичка поддршка на богатата културно - уметничката програма по повод - **Денот на рибарите.**
- Во соработка со НУ Центар за култура Григор Прличев и НУ Завод и музеј – Охрид, се одбележа **Јубилејот: 150 години од раѓањето на Ефтим Спространов.**
- Во соработка со НУ Центар за култура „ Григор Прличев“, Градската библиотека „Григор Прличев“ и ОУ„Григор Прличев“, во рамките на годинешните **“Прличеви беседи”,** се одбележа **Јубилејот: 125 години од смртта на ловороносецот Григор Прличев.**

  Во чест на Прличев, беше организирано и реализирано дводневното чествување на охридскиот книжевен великан –Григор Прличев. Во родната куќа на ловороносецот, се одржа манифестацијата„Стихови и звуци за Прличев“, на која за вонвременското значење на Прличев беседа одржа проф. д-р Виолета Пирузе – Тасевска. На свеченоста беа доделни и пофалниците за првонаградените на литературниот конкурс што традиционално го распишува Основното училиште „Григор Прличев“
- Во соработка со Историски архив – Охрид и членовите од историските секции при основните училишта одбележан е Јубилејот: **110 - години од смртта на охридскиот гемиџија Марко Бошњаков.**
**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 6 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 4 точки, а 2 точки од дневниот ред не беа усвоени.

**Комисија за урбанизам** – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 6 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - Беше предложена 1 точка на дневен ред, но седница на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за општествени дејности** – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

**Советничката група на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Македонија“ ја напушти единаесеттата седница на Советот.**

**Дванаесеттата седница се одржа на ден 29.06.2018 година. На седницата беше предложена само една точка на дневен ред – советнички прашања.**

**ТРЕТО ТРИМЕСЕЧЈЕ**

**Тринаесеттата седница се одржа на ден 13.07.2018 година. За работа на оваа седница беше предложена 1 точка на дневен ред. Советот усвои 1 одлука.**

**Четиринаесеттата седница се одржа на ден 27.07.2018 година. За работа на оваа седница беа предложени 69 предлог - одлуки. Советот усвои 69 одлуки.**

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 11 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 11 предлог - одлуки.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 31 точка на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 27 предлог - одлуки. Четири предлог - одлуки не беа разгледувани бидејќи немаше претставник.

**Комисија за урбанизам** – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 56 точки на дневен ред.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - Беа предложени 7 точки на дневен ред. Седницата на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за општествени дејности** – Беа предложени 8 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 5 предлог - одлуки, а 3 предлог - одлуки не беа разгледувани бидејќи немаше претставник.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 2 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за верификација, избори и именување** – Беа предложени 13 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата не усвоија ниту една предлог - одлука.

**Петнаесеттата седница се одржа на ден 23.08.2018 година. За работа на оваа седница беа предложени 74 предлог - одлуки. На седницата на Советот беа повлечени 5 предлог - одлуки. Советот усвои 67 одлуки, а 2 предлог - одлуки не беа усвоени.**

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 51 точки на дневен ред. На седницата на Комисијата беа повлечени 5 точки од дневниот ред. Членовите на Комисијата усвоија 46 предлог - одлуки.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 8 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 51 точка на дневен ред. На седницата на Комисијата беа повлечени 5 точки од дневниот ред. Членовите на Комисијата усвоија 46 предлог - одлуки.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 8 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 6 предлог - одлуки, а 2 предлог - одлуки не се разгледуваа бидејќи немаше претставник.

**Комисија за општествени дејности** – Беа предложени 15 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 14 предлог - одлуки, а една не се разгледуваше бидејќи немаше претставник.

**Шеснаесеттата седница се одржа на ден 17.09.2018 година. За работа на оваа седница беа предложени 41 предлог- одлука. На седницата на Советот беше повлечена 1 предлог - одлука. Советот усвои 40 одлуки.**

**Комисија за заштита на животната средина** – Беше предложена 1 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум ,седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за јавни и комунални дејности не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беше предложена 1 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум ,седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 19 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 18 предлог - одлуки, а 1 предлог - одлука не се разгледуваше бидејќи немаше претставник.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - Беше предложена 1 точка на дневен ред. Седницата на Комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за општествени дејности** – Беа предложени 30 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Комисија за млади и спорт** – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена од членовите на Комисијата.

**Комисија за верификација, избори и именување** – Беа предложени 5 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата не усвоија ниту една предлог - одлука.

**ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ**

**Седумнаесеттата седница се одржа на ден 30.10.2018 година. За работа на оваа седница беа предложени 64 точки – 61 Предлог Одлука, 2 Предлог измени и 1 Информација. Советот усвои 42 Одлуки, 2 Измени и 1 Заклучок, а 19 Предлог Одлуки не беа усвоени.**

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 35 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 13 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за јавни и комунални дејности не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 33 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 32 Предлог Одлуки, а 1 Предлог одлука не се усвои.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 30 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 29 предлог - одлуки, а 1 предлог - одлука не се разгледуваше бидејќи немаше претставник.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - Беа предложени 2 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата не ги усвоија двете Предлог одлуки.

**Комисија за општествени дејности** – Беа предложени 6 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 4 Предлог Одлуки, а две Предлог Одлуки не беа усвоени.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите не беа усвоени од членовите на Комисијата.

**Осумнаесеттата седница се одржа на ден 15.11.2018 година. За работа на оваа седница беа предложени 81 точка - 53 предлог- одлуки, 23 Нацрт Програми, 4 Предлог Измени и 1 Предлог Програма. Од дневен ред беше повлечена 1 Предлог Одлука, а беше дополнет со 1 Нацрт Програма. Советот усвои 51 одлука, 24 Нацрт Програми, 4 Измени на Програми, 1 Програма. Советот не усвои 1 Предлог Одлука.**

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 34 точки на дневен ред Членовите на Комисијата усвоија 30 точки, а 4 беа неусвоени.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 22 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата за јавни и комунални дејности не се одржа.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 29 точки на дневен ред. Членовите на комисијата усвоија 25 точки, 2 не беа усвоени, а 2 не се разгледуваа бидејќи немаше претставник.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 54 точки на дневен ред. На седницата на Комисијата беше повлечена 1 точка, а беше додадена една точка.Членовите на комисијата усвоија 52 точки, а две не се разгледуваа бидејќи немаше претставник.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - Беа предложени 2 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата не ги усвоија двете Предлог одлуки.

**Комисија за општествени дејности** – Беа предложени 4 точки на дневен ред. Членовите на Комисијата усвоија 1 точка, а 3 не беа усвоени.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 2 точки на дневен ред, но седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Деветнаесеттата вонредна седница се одржа на ден 03.12.2018 година. За работа на оваа седница беше предложена една точка на дневен ред – Информација. Советот усвои 1 Заклучок.**

**Дваесеттата вонредна седница се одржа на ден 16.12.2018 година. За работа на оваа седница беше предложена една точка на дневен ред – Предлог Одлука. Советот усвои една Одлука.**

**Дваесет и втората вонредна седница се одржа на ден 25.12.2018 година. За работа на оваа седница беше предложена една точка на дневен ред. Советот усвои 1 Одлука.**

**Дваесет и првата редовна седница се одржа на ден 28.12.2018 година. За работа на оваа седница беа предложени 35 точки - 9 предлог- одлуки, 25 Предлог Програми, и 1 Предлог буџет. Советот усвои 25 Програми, 9 Одлуки, и 1 Буџет.**

**Комисија за заштита на животната средина** – Беа предложени 8 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на комисијата.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложени 21 точка на дневен ред, но седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за урбанизам** – Беа предложени 2 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на комисијата.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 35 точки на дневен ред. Членовите на комисијата ги усвоија сите точки од предложениот дневен ред.

**Комисија за туризам и локален економски развој** - Беа предложени 3 точки на дневен ред, но седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

**Комисија за општествени дејности** – Беа предложени 5 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени од членовите на комисијата.

**Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените -** Беа предложени 2 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

**Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година Советот на општина Охрид одржа 14 редовни и 3 вонредни седници. За работа на сите седници беа предложени вкупно 619 точки. Од дневниот ред беа повлечени 16 точки. Дополнување на дневниот ред е извршено со 2 точки на две седници.**

**Советот во текот на 2018 година усвои вкупно 472 одлуки, 28 Програми, 6 Измени на Програми, 2 Заклучоци, 1 План и 1 Буџет.**

**Советот не усвои 71 предлог – одлука и 1 Информација.**

И З В Е Ш Т А Ј
За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид,
програма А0-Совет на Општина Охрид за период 01.01-31.12.2018 година

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот и програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на овај орган, во продолжение ги даваме поважните зафаќања и реализација на трошоци од оваа програма во рамките на Буџетот на општината за 2018 година. За програмата А0 - Совет на Општина Охрид, проектирани беа средства во висина од 19.970.000,оо денари. Реализираните расходи за оваа програма за 2018 година се на износ од 16.158.590,оо денари и се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајни зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следи:

Од вкупно реализираните расходи во буџетската 2018 година, од позицијата плати, наемнини и надоместоци за советници исплатени се 4.378.466,оо денари и 515.107,оо ден.персонален данок.

Како помош за настанати штети од пожари и други елементарни непогоди како и други непредвидени трошоци од контото за тековна резерва (разновидни расходи) исплатени се вкупно 392.310,оо денари по заклучоци на соодветни комисии донесени во анализираниот период.

Општина Охрид, преку Советот како нејзин орган со посебна Одлука за лицата приматели на социјална помош и други ранливи категории на граѓани кои исполнуваат одредени критериуми субвенционира дел од нивните комунални трошоци. По овој основ во опфатениот период исплатени се 2.807.379,оо денари кон јавните комунални претпријатија.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание се учениците и студентите. Ценејќи го нивниот талент, знаење и труд како и нивната улога во натамошниот развој на опшеството, општината по пат на јавен оглас доделува стипендии со цел нивни поттик за достигнување на што поголеми успеси. Опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2017-2018 година од одобрените средства со Буџетот за 2018 за стипендии исплатени се 1.988.000,оо денари.

Постапувајќи во насока на поддржување и помагање на граѓаните и институциите на Охрид, од програмата на Советот на Општина Охрид, трансферирани се средства до бројни здруженија на граѓани, фондации и хуманитарни организации, во висина од 969.040,оо денари.

Од контото други трансфери, како позначајни исплати треба да се споменат исплатите кон повеќе правни и физички лица согласно јавен повик за финансирање на проекти од јавен интерес за општина Охрид каде се исплатени средства во висина од 1.077.425,оо денари. Од истото конто, согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид, за прво и второ родено дете исплатени се 1.380.000,оо денари. Исто така позначајна исплата од ова конто е исплатата од 500.000,оо денари кон „БЈМ Груп“ за организација на концерт на музичките ѕвезди Северина и Марија Шерифович, како и 200.000,оо денари согласно заклучок на комисија за поддршка на манифестацијата „Охрид Трча“.

Општина Охрид членува во повеќе меѓународни и домашни организации а се со цел афирмација и промоција на градот, поради што се наметнува обврска за плаќање членарини кон тие организации, па така по овој основ исплатени се вкупно 1.150.000,оо денари, од кои за членарини во меѓународни организации исплатени се 49.013,оо денари и 1.100.987,оо денари за членарини во домашни организации, итоа: 445.992,оо се исплатени кон ЗЕЛС, членарина за 2018 година, додека остатокот од исплатениот износ 654.995,оо ден. се однесува за исплати кон Југозападниот плански регион.

Од вкупно планираните трошоци за своето работење, советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2018 година до 31.12.2018 година, буџетот предвиден за сопственото работење го има реализирано со 80,91%.

**Број 08-3742/48**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/107**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 8 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 и член 84 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ПОМЕЃУ МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените за периодот од 01.01. до 31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/49**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т А Н А**
**Комисија за еднакви можности помеѓу мажите и жените**
**за периодот од 01.01.2018 - 31.12.2018 год.**

Програмата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените беше усвоена од Советот на општина Охрид на 29.12.2017 год. Со донесување на буџетот за 2018 година предвидени се средства и за реализација на Програмата на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

Во Програмата се предвидени активности за унапредување на капацитетот на општинската администрација за воведување родов пристап во креирањето на локални политики и буџети, унапредување на механизми за превенција и заштита од семејно насилство и намалување на неплатената работа кај жените при давање нега, преку формирање на услуги за грижа на стари и болни лица.

Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените е во постојана соработка со невладините организации, во поглед на одредени активности поврзани со родова еднаквост, како и делот превенција од семејно насилство и дискриминација. Во насока на наведеното, одржана е трибина и поделен е информативен материјал во соработка со Црвен Крст и Центар за социјални грижи на тема Трговија со луѓе.

- На 10.01.2018 година, менторката Марија Ристовска од телото за родова еднаквост на Обединети Нации – UN Woman, во просториите на општина Охрид со членовите на Комисијата за еднакви можности и општинскиот координатор одржа координативен состанок за воведување родов пристап на локалните политики и буџети во рамки на локалната самоуправа во општина Охрид..Дадената насока од менторката за формирање Интерсекторска група за родово одговорни политики и буџети се изгласа на седница на Совет и се реализира со потпишување на Решение од страна на Градоначалникот Јован Стојаноски на 23.05.2018 година.

- На **01.03.2018 година** во просториите на општина Охрид се одржа трибина предводена од претседателката на Совет, г-ѓа Живка Ангелоска и пратеничката Жаклина Лазаревска, присутни членови на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените, на тема “Шеснаесет меѓународни дена на активизам против насилство врз жените” – со цел да се нагласи дека таквото насилство е прекршување на човековите права и да се повика на елиминација на сите форми на насилство врз жените.

- На **22 и 23.05.2018 година** се одржа Конференција за родово одговорно буџетирање на тема “Буџетирај еднакво - буџетирај за мажите и жените” организирана од UN women, во соработка со Владата во хотел “Холидеј Ин”, на која присуствуваше општинскиот координатор.

- На **07.06.2018 година** Координаторот од Комисијата присуствуваше на работна средба на работна група за родова еднаквост со цел финализирање на стратегијата за родова еднаквост 2018-2030 - размена на искуства и дефинирање на следни чекори.

- На **26-27.07.2018** година во Охрид во Хотел “Милениум Палас” се одржа работилница на која присуствуваа членовите на Интерсекторската група на локалната самоуправа и членовите на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените на општина Охрид на тема “Подготовка на Стратегија за родова еднаквост на општина Охрид”, во рамки на регионалниот Проект за промоција на родово одговорни политики и буџети за Југоисточна Европа.

- **На почеток на декември 2018 година** се одржа работен состанок на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените општинскиот координатор, членовите на интерсекторската група и менторката Марија Ристовска Нацрт стратегијата изготвена на работилницата беше финализирана како финален документ: **Стратегија за родова еднаквост на општина Охрид.**

- На **28.11.2018 година** Општинскиот координатор и Претседателката на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените, присуствуваа во просториите на ЗЕЛС во Скопје на координативна средба на ЗЕЛС, МТСП за 2019 година и родова машинерија на локално ниво. На средбата беа презентирани проектни активности, новитети на општините и на ЗЕЛС во насока – координација и договарање следни активности. Беа дадени за разгледување

  – Предлог акциски план од стратегијата за родова еднаквост на ЗЕЛС 2018-2030 година.

  - Оперативен план на ЗЕЛС за поддршка на национален Акциски план за спроведување на Истанбулска конвенција за 2019 година.
- На **25.12.2018 година** Општинскиот координатор на Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените присуствуваше на јавна расправа во просториите на Собранието на Република Македонија, на тема - Поддршка при имплементација на социјални политики, мерки и буџет, за еднородителски семејства “Една може”.

  Искуството и здобиените познавања од оваа област ќе бидат применети во наредните активностина Комисијата за еднакви можности помеѓу мажите и жените.

**Број 08-3742/50**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Годишниот извештајот за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/108**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 8 и член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 18 став 1 и член 84 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за слободен пристап до информации од јавен карактер за 2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/51** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РМ“ бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14,148/15,55/16 и 64/18), имателот на информации Општина Охрид, со адреса на ул „Димитар Влахов“бр.57, 6000 Охрид, п.фах 125, тел 046/262-492, 046/262-493, факс 046/262-545, преку службеното лице за спроведување на одредбите на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер Марина Здравеска, е-маил marina.zdraveska@ohrid.gov.mk, odnosisojavnost@ohrid.gov.mk го подготви следниот:

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР ЗА 2018 ГОДИНА**

Во текот на 2018 година преку службената архива и преку јавно истакнатите електронски адреси (на официјалната веб-страница на Општина Охрид www.ohrid.gov.mk, odnosisojavnost@ohrid.gov.mk и marina.zdraveska@ohrid.gov.mk, пристигнати се 64 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РМ“ бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14,148/15,55/16 и 64/18).

Преку вкупно примените 64 барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, поставени се 363 прашања, од кои 14 прашања се поставени до јавните претпријатија на Општина Охрид и едно прашање до Територијалната противпожарна единица. Останатите 348 прашања се поставени до повеќе сектори и одделенија во локалната самоуправа.

Барања за слободен пристап до информации, поднесле 11 граѓани, 21 барање има од електронските медиуми, 3 од институти, 20 од здруженија на граѓани, додека 9 барања поднесла една политичка партија. Барањата се испратени преку архивата на Општина Охрид и преку електронската пошта, а во неколку случаи и на двата начина.

Според структурата од поставените 348 прашања, 91 прашање е поставено до Секторот за финансиски прашања, 69 прашања се поставени до Одделението за управување со човечки ресурси, 42 прашања се поставени до Секторот за општи работи, 35 прашања се поставени до Одделение за поддршка на Советот на општина Охрид, 34 прашања се поставени до Секторот за комунален развој, сообраќај и улици, 32 прашања се поставени до координаторот за еднакви можности, до Секторот за образование, детска, здравствена и социјална заштита се поставени 11 прашања, во Одделението за инспекциски надзор се поставени 10 прашања, до Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште се поставени 7 прашања, во Секторот за туризам

и локален економски развој се поставени 6 прашања, до Секторот за правни работи се поставени 5 прашања, до Секторот за даноци и комунални такси се поставени 4 прашања, а по едно прашање е поставено до Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад и во Одделението за внатрешна ревизија.

Согласно член 37 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РМ“ бр.13/06, бр.86/08, бр.6/10, бр.42/14,148/15,55/16 и 64/18), на 16.01.2019 година, поднесен е годишен извештај до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Број на поднесени барања | 64 |
| 2 | Број на позитивно одговорени барања | 64 |
| 3 | Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбиено барање | 0 |
| 4 | Број на вложени жалби против првостепени одлуки (решенија и заклучоци) на имателите на информации, со опис на одлуката како и со наведување на причините за донесената одлука во случај на повторно одбивање на бараната информација | 0 |
| 5 | Број на усвоени жалби со одлука на Комисија | 1 |
| 6 | Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата | 0 |
| 7 | Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање | 0 |
| 8 | Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање | 1, жалбата е отфрлена како предвремена |
| 9 | Број на случаи на молчење на Комисијата | 0 |
| 10 | Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки | 0 |
| 11 | Број и видови на изречени прекршочни санкции | 0 |
| 12 | Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата | 0 |
| 13 | Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд | 0 |

Во извештајниот период до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер има поднесено две жалби од кои Комисијата усвоила една жалба на Здружението на граѓани-Центар за граѓански комуникации од Скопје и ја задолжила локалната самоуправа на Општина Охрид, да го дополни одговорот со бараните податоци,односно вредноста на севкупниот возен парк кој го поседува локалната самоуправа, по што е и постапено. Втората жалба, која се однесува на барање информации за проектот од „20 ти до 20 во Охрид“ одржан во декември 2017 и јануари 2018 година, којашто е изјавена од Здружението СОС БАЛКАН МЕДИА-Охрид, Охридскај од Охрид, е отфрлена како предвремена.На барателот му се доставени бараните податоци во законски предвидениот рок.

Во извештајниот период нема заведени судски спорови против имателот на информации поради недоставување на бараните информации или поради молк на администрацијата.
Имателот на информациите, локалната самоуправа на Општина Охрид и нејзината администрација преку овластеното службено лице за посредување, во законски утврдениот рок одговори на сите барања за слободен пристап до информации од јавен карактер.Доставените барања ги запазуваа критериумите кои се утврдени со закон и на сите нив им беа доставени бараните информации.

**Број 08-3742/52**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОДИШНИОТ ПОПИС ЗА 2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Годишниот извештај и завршна сметка на буџетот на единицата на локалната самоуправа Општина Охрид за 2018 година и Извештајот за годишниот попис за 2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/109**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ И ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА И ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ГОДИШНИОТ ПОПИС ЗА 2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај и Завршната сметка на буџетот на единицата на локална самоуправа Општина Охрид за 2018 година и Извештајот за извршениот годишен попис во Општина Охрид со состојба на 31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/53**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

| EDINICA NA LOKALNA SAMOUPRAVA- OHRID | Osnoven buxet | | Namenski dotacii | | Samofinansira~ki | | Donacii | | Krediti | | Vkupno | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| BUXET NA OP[TINA OHRID | Plan | Realizacija | Plan | Realizacija | Plan | Realizacija | Plan | Realizacija | Plan | Realizacija | Plan | Realizacija |
| VI[OK NA PRIHODI | | 19,893,393 | | 6,618,357 | | 5,109,268 | | 7,889,116 | | 0 | | 39,510,134 |
| 7 VKUPNI PRIHODI | 594,262,189 | 543,330,919.0 | 400,739,123 | 388,229,869 | 22,500,000 | 19,423,279 | 44,916,686 | 29,391,247 | 27,618,000 | 2,777,729 | 1,090,035,998 | 983,153,043 |
| 71 Dano~ni prihodi | 431,242,891 | 410,257,697 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 431,242,891 | 410,257,697 |
| 711 Danok od dohod, dobivka i kapitalni dobivki | 11,275,000 | 11,172,967 | | | | | | | | | 11,275,000 | 11,172,967 |
| 712 Pridonesi od plati za socijalni fondovi | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 713 Danoci na imot | 175,050,000 | 182,757,110 | | | | | | | | | 175,050,000 | 182,757,110 |
| 714 Doma{ni danoci na stoki i uslugi | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 715 Danok od me|unarodna trgovija i transakcii (carini i dava~ki) | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 716 Drugi danoci | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 717 Danoci na specifi~ni uslugi | 233,407,891 | 215,736,916 | | | | | | | | | 233,407,891 | 215,736,916 |
| 718 Taksi za koristewe ili dozvoli za vr{ewe na dejnost | 11,510,000 | 590,704 | | | | | | | | | 11,510,000 | 590,704 |
| 719 Danok na finansiski transakcii | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 72 Nedano~ni prihodi | 18,020,000 | 14,869,339 | 0 | 0 | 22,500,000 | 19,423,279 | 2,080,387 | 1,472,190 | 0 | 0 | 42,600,387 | 35,764,808 |
| 721 Pretpriema~ki prihod i prihod od imot | | | | | | 12,238 | | | | | 0 | 12,238 |
| 722 Taksi i nadomestoci | 3,620,000 | 3,997,751 | | | | 11,006 | | | | | 3,620,000 | 4,008,757 |
| 723 Administrativni taksi i nadomestoci | 7,500,000 | 6,336,815 | | | 19,450,000 | 19,369,578 | 2,080,387 | 1,472,190 | | | 29,030,387 | 27,178,583 |
| 724 Drugi vladini uslugi | 200,000 | 54,288 | | | | 1,027 | | | | | 200,000 | 55,315 |
| 725 Drugi nedano~ni prihodi | 6,700,000 | 4,480,485 | | | 3,050,000 | 29,430 | | | | | 9,750,000 | 4,509,915 |
| 73 Kapitalni prihodi | 70,300,000 | 54,082,867 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70,300,000 | 54,082,867 |
| 731 Proda`ba na kapitalni sredstva | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 732 Proda`ba na stoki | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 733 Proda`ba na zemji{te i nematerijalni vlo`uvawa | 70,300,000 | 54,082,867 | | | | | | | | | 70,300,000 | 54,082,867 |
| 735 Kamati | 0 | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 74 Transferi i donacii | 74,699,298 | 64,121,016 | 400,739,123 | 388,229,869 | 0 | 0 | 42,836,299 | 27,919,057 | 0 | 0 | 518,274,720 | 480,269,942 |
| 741 Transferi od drugi nivoa na vlast | 74,699,298 | 64,004,424 | 400,739,123 | 388,229,869 | | | | 755,131 | | | | 452,989,424 |
| 742 Donacii od stranstvo | | 116,592 | | | | | 42,836,299 | 27,163,926 | | | | 27,280,518 |
| 743 Kapitalni donacii | | | | | | | | | | | | 0 |
| 744 Tekovni donacii | | | | | | | | | | | | |
| 75 Doma{no zadol`uvawe | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 27,618,000 | 2,777,729 | 27,618,000 | 2,777,729 |
| 751 Kratkoro~ni pozajmici vo zemjata | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 752 Blagajni~ki zapisi | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 753 Dolgoro~ni obvrznici | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 754 Doma{no zadol`uvawe | | | | | | | | | 27,618,000 | 2,777,729 | 27,618,000 | 2,777,729 |
| 76 Zadol`uvawe vo stranstvo | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 761 Me|unarodni razvojni agencii | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 762 Stranski vladi | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 769 Drugi zadol`uvawa vo stranstvo | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 77 Proda`ba na hartii od vrednost | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 771 Proda`ba na hartii od vrednost | | | | | | | | | | | | 0 |
| 78 Prihodi od otplata na zaemi | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 781 Prihodi od naplateni dadeni zaemi | | | | | | | | | | | 0 | 0 |

| EDINICA NA LOKALNA SAMOUPRAVA- OHRID | Osnoven buxet | | Namenski dotacii | | Samofinansira~ki | | Donacii | | Krediti | | Vkupno | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| BUXET NA OP[TINA OHRID | Plan | Realizacija | Plan | Realizacija | Plan | Realizacija | Plan | Realizacija | Plan | Realizacija | Plan | Realizacija |
| 4 VKUPNI RASHODI | 594,262,189 | 523,437,526 | 400,739,123 | 381,611,512.0 | 22,500,000 | 14,314,011 | 44,916,686 | 21,502,131.0 | 27,618,000 | 2,777,729 | 1,090,035,998 | 943,642,909 |
| 40 Plati naemnini i nadomestoci | 118,811,000 | 110,751,960 | 344,183,266 | 329,298,309 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 462,994,266 | 440,050,269 |
| 401 Osnovni plati i nadomestoci | 80,885,000 | 74,994,347 | 250,710,108 | 240,179,763 | | | | | | | 331,595,108 | 315,174,110 |
| 402 Pridonesi za socijalno osiguruvawe od rabotodava~ite | 29,476,000 | 27,578,227 | 93,473,158 | 89,118,546 | | | | | | | 122,949,158 | 116,696,773 |
| 404 Nadomestoci | 8,450,000 | 8,179,386 | | | | | | | | | 8,450,000 | 8,179,386 |
| 41 Rezervi i nedefinirani rashodi | 2,000,000 | 392,310 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2,000,000 | 392,310 |
| 411 Finansirawe na novi programi i potprogrami | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 412 Postojana rezerva (nepredvidlivi rashodi) | 1,000,000 | | | | | | | | | | 1,000,000 | 0 |
| 413 Tekovni rezervi (raznovidni rashodi) | 1,000,000 | 392,310 | | | | | | | | | 1,000,000 | 392,310 |
| 42 Stoki i uslugi | 177,830,000 | 142,758,997 | 54,885,857 | 51,065,368 | 20,150,000 | 13,618,620 | 34,383,686 | 14,119,944 | 0 | 0 | 287,249,543 | 221,562,929 |
| 420 Patni i dnevni rashodi | 2,165,000 | 1,596,847 | | | 326,400 | 144,600 | 1,700,747 | 930,630 | | | 4,192,147 | 2,672,077 |
| 421 Komunalni uslugi, greewe, komunikacija i transport | 86,210,000 | 72,130,277 | 22,565,981 | 21,374,454 | 3,430,000 | 2,213,061 | | | | | 112,205,981 | 95,717,792 |
| 423 Siten inventar, alat i drugi materijali za popravki | 2,600,000 | 1,581,316 | 1,890,000 | 1,365,074 | 10,040,000 | 7,852,500 | 91,500 | | | | 14,621,500 | 10,798,890 |
| 424 Popravki i tekovno odr`uvawe | 31,450,000 | 30,955,145 | 360,000 | 322,987 | 2,163,600 | 950,725 | 25,000 | 25,000 | | | 33,998,600 | 32,253,857 |
| 425 Dogovorni uslugi | 26,700,000 | 16,349,584 | 29,869,876 | 27,803,735 | 2,786,000 | 1,610,509 | 32,541,439 | 13,139,314 | | | 91,897,315 | 58,903,142 |
| 426 Drugi tekovni rashodi | 16,505,000 | 12,671,967 | 200,000 | 199,118 | 1,404,000 | 847,225 | 25,000 | 25,000 | | | 18,134,000 | 13,743,310 |
| 427 Privremeni vrabotuvawa | 12,200,000 | 7,473,861 | | | | | | | | | 12,200,000 | 7,473,861 |
| 43 Tekovni transferi do vonbuxetskite fondovi | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 431 Transferi do Фondot za PIOM | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 432 Transferi do Agencijata za | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 433 Transferi do Fondot za zdravstvo | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 44 Tekovni transferi do edinicite na lokalnata sam | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 441 Dotacii od DDV | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 442 Namenski dotacii | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 443 Blok dotacii | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 444 Dotacii za delegirani po oddelni nadle`nosti | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 45 Kamatni pla}awa | 300,000 | 182,736 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 | 182,736 |
| 451 Kamatni pla}awa kon nerezidentni kreditori | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 452 Kamatni pla}awa kon doma{ni kreditori | 300,000 | 182,736 | | | | | | | | | 300,000 | 182,736 |
| 453 Kamatni pla}awa kon drugi nivoa na vlast | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 46 Subvencii i transferi | 82,225,000 | 77,685,590 | 1,070,000 | 943,572 | 800,000 | 60,691 | 0 | 0 | 0 | 0 | 84,095,000 | 78,689,853 |
| 461 Subvencii za javni pretprijatija | 3,100,000 | 2,807,379 | | | | | | | | | 3,100,000 | 2,807,379 |
| 462 Subvencii za privatni pretprijatija | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 463 Transferi do nevladini organizacii | 13,720,000 | 12,949,680 | | | | | | | | | 13,720,000 | 12,949,680 |
| 464 Razni transferi | 65,405,000 | 61,928,531 | 1,070,000 | 943,572 | 800,000 | 60,691 | | | | | 67,275,000 | 62,932,794 |
| 47 Socijalni beneficii | 300,000 | 275,195 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300,000 | 275,195 |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 471 Socijalni nadomestoci | 300,000 | 275,195 | | | | | | | | | 300,000 | 275,195 |
| 472 Pla}awa na beneficii od Penziski fond | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 473 Pla}awa na nadomestoci od Agencijata za vrabotuvawe | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 474 Pla}awa na nadomestoci od Fondot za zdravstveno osiguruvawe | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| | | | | | | | | | | | | |
| 48 Kapitalni rashodi | 199,996,189 | 178,685,366 | 600,000 | 304,263 | 1,550,000 | 634,700 | 10,533,000 | 7,382,187 | 27,618,000 | 2,777,729 | 240,297,189 | 189,784,245 |
| 480 Kupuvawe oprema i ma{ini | 9,890,000 | 4,894,318 | 300,000 | 6,200 | 1,150,000 | 494,680 | 40,000 | 40,000 | | | 11,380,000 | 5,435,198 |
| 481 Grade`ni objekti | 1,400,000 | 768,319 | | | | | | | | | 1,400,000 | 768,319 |
| 482 Drugi grade`ni objekti | 178,586,189 | 163,923,097 | | | 30,000 | | 10,493,000 | 7,342,187 | 0 | 0 | 189,109,189 | 171,265,284 |
| 483 Kupuvawe mebel | 1,020,000 | 0 | 300,000 | 298,063 | 250,000 | 112,180 | | | | | 1,570,000 | 410,243 |
| 484 Strate{ki stoki i drugi rezervi | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 485 Vlo`uvawa i nefinansiski sredstva | 9,000,000 | 8,999,632 | 0 | | 120,000 | 27,840 | | | | | 9,120,000 | 9,027,472 |
| 486 Kupuvawe na vozila | 100,000 | 100,000 | | | | | | | 27,618,000 | 2,777,729 | 27,718,000 | 2,877,729 |
| 487 Kapitalni transferi do vonbuxetski fondovi | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 488 Kapitalni dotacii do ELS | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 489 Kapitalni subvencii za pretprijatija i nevladini organizacii | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 49 Otplata na glavnina | 12,800,000 | 12,705,372 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12,800,000 | 12,705,372 |
| 491 Otplata na glavnina do nerezidentni kreditori | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 492 Otplata na glavnina do doma{ni institucii | | | | | | | | | | | 0 | 0 |
| 493 Otplata na glavnina do drugi nivoa na vlast | 12,800,000 | 12,705,372 | | | | | | | | | 12,800,000 | 12,705,372 |

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2018 ГОДИНА

Врз основа на член 34, точка 2, став 3 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Советот на Општина Охрид на ден 14.03.2019 година го донесе следниот:

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ**

За реализираните приходи и извршените трошоци
на Буџетот на Општина Охрид за 2018 год.

## I *БУЏЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД*

Согласно донесениот буџетски календар за активностите за донесување на буџетот и напатствијата од Министерството за финансии, општина Охрид поаѓајќи од мапираните потреби на граѓаните и буџетските корисници, на ден 29.12.2017 година со Одлука бр.08-16206/28 го донесе Буџетот на општината за 2018 година како единствен развоен документ. При неговото изготвување беше користена стандардна процедура согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја како и мислењата и потребите на граѓаните сондирано преку одржаните јавни расправи, средби со граѓани, урбани заедници и сл.

Во согласност со насоките на буџетскиот циркулар и направените анализи, Буџетот на Општина Охрид за 2018 година беше проектиран на износ од **1.007.597.123,оо денари**. Со Одлука бр.08-5289/71 од 23.04.2018 во делот донации, програма Н2- Средно образование, извршено е проширување на буџетот при што нивото на буџетот се зголемува и со настанатите измени истиот изнесува 1.008.743.498,оо ден. Со Одлука бр.08-10563/44 од 27.07.2018 година нивото на буџетот на општина Охрид повторно претрпува измени на начин што се врши зголемување за износ од 58.176.054,оо денари, еден дел во основниот буџет, дел во буџетот од донации, со што новопроектираниот износ на буџетот изнесува 1.066.919.552,оо денари. Во месец Септември донесена е Одлука за измени и дополнување на буџетот на општина Охрид бр.08-12901/5 од 17.09.2018 год. со што нивото на буџетот се заокружува на 1.070.535.998,оо денари.

Согласно Одлука за измена на распоредот на средствата во буџетот на општина Охрид за 2018 год. бр.08-15203/7 од 30.10.2018 год. извршена е прераспределба на средства во буџетот односно пренамена на средства од едно конто на друго и од една програма на друга, при што висината на буџетот со оваа Одлука остана непроменета. Буџетот на Општина Охрид во овие рамки се реализираше до 15.11.2018 година кога на седница на Совет беше донесена Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општината бр. 08-16084/7 со која Буџетот на општина Охрид се проектира на износ од **1.090.035.998,оо денари**.

Завршната сметка на буџетот се донесува согласно позитивните законски прописи кои ја регулираат формата и содржината на завршните сметки и истите се пропишани од страна на Министерството за финансии. Завршната сметка во својата форма ги содржи истите податоци како и оние кои ги содржи буџетот, само што завршната сметка дава

слика за реализација како на приходната страна така и на расходната страна. Во процедурата на донесување на годишната сметка, Советот ја донесува завршната сметка (за претходната година) најдоцна до 15 март во тековната година и истата во пропишана форма се доставува до Министерството за финансии најдоцна до 31 март во тековната година. Структурата на планираниот буџет на општина Охрид за 2018 година согласно донесениот буџет и измените, прикажани компаративно со претходната година е даден во следната табела и графикон:

***Табела бр.1***

| **Ред. број** | **Видови на приходи** | **2017 Планирано** | **2018 Планирано** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 479.467.154,оо | 519.562.891,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 74.505.079,оо | 74.699.298,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 384.688.318,оо | 400.739.123,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 21.066.000,оо | 22.500.000,оо |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 28.444.150,оо | 44.916.686,оо |
| **6.** | Приходи по основ кредити | 139.617.686,оо | 27.618.000,оо |
| | | 1.127.788.387,оо | 1.090.035.998,оо |

***Графикон 1***

*Планирани приходи споредбено.*




## 2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТОТ

### 2.1 Приходи на Општината

Податоците за остварувањето, номиналните износи како и процентуалното остварување на буџетот прикажани во овој извештај се однесуваат на остварувањето по сите основи на буџетот во 2018 година, остварувања без вкалкулиран пренесен вишок од претходна година, реализација на приходната и расходната страна за дадениот период и се прикажани во табеларниот дел од завршната сметка за 2018 година. Извршувањето на приходите во буџетот на Општина Охрид за 2018 година изнесува **983.153.043,оо** денари што претставува извршување од 90,19% од вкупно проектираните **1.090.035.998,оо.** Доколку се анализираат податоците прикажани во завршната сметка заклучно со 31.12.2018 година, поодделно по типови на буџет, разликите кои се јавуваат помеѓу остварените приходи и реализираните расходи остануваат како непотрошен дел, вишок на приходи кои како такви се пренесуваат во наредната буџетска 2019 година како пренесено салдо. Поодделно непотрошениот дел кој се пренесува во наредната буџетска година изнесува 19.893.393,оо денари средства во основниот буџет, 6.318.357,оо денари средства

од блок-наменски дотации, 5.109.268,оо денари, средства од буџетот на самофинансирачки активности и 7.889.116,оо денари средства од буџетот на донации. Висината на непотрошените средства кои се пренесуваат во новиот буџет, пооделно по видови буџет (основен буџет, блок-наменски дотации, буџет на самофинасирачки активности, донации и приходи по основ кредитно задолжување) дадени се во табеларниот приказ на приходите кој е составен дел на завршната сметка и овој извештај.

Според изворите на приходи, структурата на остварување на буџетот е дадена во следната табела:

***Табела бр.2***

| **Реден број** | **Видови на приходи** | **2018 Планирано** | **2018 Остварено** | **%** |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 519.562.891,оо | 479.326.495,оо | 92,26 |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 74.699.298,оо | 64.004,424,оо | 85,68 |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 400.739.123,оо | 388.229.869,оо | 96,88 |
| **4.** | Приходи од самофин. активности | 22.500.000,оо | 19.423.279,оо | 86,33 |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 44.916.686,оо | 29.391.247,оо | 65,44 |
| **6.** | Приходи по основ кредити | 27.618.000,оо | 2.777.729,оо | 10,06 |
| | | 1.090.035.998,оо | 983.153.043,оо | 90,19 |

***Графикон бр.2***

*Планирани приходи 2018 год.*




***Графикон бр.3***

*Остварени приходи 2018 год.*




Дадедените показатели во табелата укажуваат дека Општината воглавно во значителен процент ги реализирала зацртаните приходи. Во табеларниот дел од завршната сметка на буџетот на општина Охрид за 2018 година, може да се види структуралната распределба на остварување на приходите според единствениот план и класификација на приходите утврден за начинот на евидентирање во буџетските органи и другите буџетски корисници на Р. Македонија. Податоците прикажани во графиконот бр.2 односно бр.3 го даваат процентуалното учество на пооделните видови приходи во вкупно планираниот, односно вкупно остварениот буџет и се различни од процентуалниот приказ во табела бр.2 која го покажува процентот на остварување на поодлените приходи во однос на планираните износи пооделно.

Споредбено остварувањето на буџетот во 2018 и 2017 година е дадено во следната табела:

***Табела бр.3***

| **Реден број** | **Видови на приходи** | **2017 Остварено** | **2018 Остварено** |
|---|---|---|---|
| **1.** | Изворни приходи | 428.538.109,оо | 479.326.495,оо |
| **2.** | Трансфери од други нивоа на власт | 64.666.785,оо | 64.004,424,оо |
| **3.** | Блок-наменски дотации | 370.601.094,оо | 388.229.869,оо |
| **4.** | Приходи од самофинансирачки активности | 18.001.247,оо | 19.423.279,оо |
| **5.** | Приходи по основ донации од странство | 14.678.753,оо | 29.391.247,оо |
| **6.** | Приходи по основ кредити | / | 2.777.729,оо |
| | | 896.707.830,оо | 983.153.043,оо |

***Графикон бр.4***

*Остварени приходи споредбено.*




Сумирано вкупните реализирани приходи во 2018 година се за 86.445.213,оо денари поголеми во однос на вкупно реализираните приходи во 2017 година. Структурата на приходите е дадена во табелата погоре при што најзабележителни се отстапувањата во делот на изворните приходи како и во делот на блок-наменските дотации. Поодделно по групи на приходи остварувањето може да се види во табеларниот дел од завршната сметка кој е составен дел од овој извештај. За делот трансфери од други нивоа на власт потребно е да се напомене дека ги опфаќа приходите прикажани на групата 741 кои во себе како позначајни категории ги опфаќа приходите од ДДВ, трансферите од јавното претпријатие за државни патишта согласно годишна програма како и пренесениот вишок- средства кои како непотрошени се пренесуваат од една во друга буџетска година. Податоците прикажани тука не ги опфаќаат износите од пренесениот вишок и прикажаните остварувања се реален приказ на поодделните приходи остварени во тековната година по групи на приходи.

**2.2 Расходи на општината**

Остварениот износ на приходи на буџетот на општина Охрид за 2018 година, претставува основ за степенот на реализирање на програмите за работа и измирување на трошоците согласно усвоените програми од страна на општинскиот совет.

Во посебниот дел на буџетот на општина Охрид за 2018 година искажани се трошоците по носители и корисници. Билансот на трошоците на буџетот на општина Охрид за 2018 година е во рамките на одобрениот буџет и истиот од 01.01 до 31.12.2018 година изнесува 943.642.909,оо денари (879.406.194,оо во 2017) или 86,57 %. (77,98% во 2017).

Разликата од 39.510.134,оо денари помеѓу остварените приходи и реализираните трошоци во периодот од 01.01 до 31.12.2018 година претставува вишок на приходи кои како непотрошени средства во тековната година се пренесуваат и распоредуваат во буџетот на наредната 2019 година, соодветно по намени. Непотрошените средства кои се пренесуваат во наредната буџетска година поодделно се прикажани во табеларниот дел на завршната сметка.

Финансиските параметри по основ расходи и приходи од позицијата самофинансирачки активности како и наменските дотации за образование и детска заштита, поединечно се дадени во извештаите од наведените правни субјекти кои се предмет на разгледување и усвојување од страна на Советот на Општина Охрид.

**2.3 Обврски кон добавувачите**

Покрај активната политика и мерки кои беа превземени во изминатиот период, високиот степен на задолженост од една страна и секојдневните растечки потреби на граѓаните на општина Охрид, допринесуваат општината и покрај ваквите мерки и политика, сеуште да има големи проблеми во своето делување и сервисирање на обврските кон добавувачите. Во минатиот период беа превземени чекори и мерки за намалување на обврските, беше започнат еден избалансиран пристап во однос на решавање на наталожените, затекнати обврски и долгови, повеќекратно беа склучувани спогодби за сервисирање на долгови на рати, но и натаму овој проблем е особено изразен и присутен во нашата општина. И покрај досегашните активности на ова поле, висината на обврските и натаму претставува значителна пречка за непречено функционирање на општината, како и за целосна реализација на усвоените програми за работа. Општината и натаму работи во услови на блокирана сметка со утврден лимит од основниот суд Охрид во висина за непоходно извршување на функциите на општината. Во изминатиот период општина Охрид како и повеќето други општини во решавањето на овие проблеми беа оставени сами на себе и се потпираше единствено на своите извори на средства, односно приходи. На овој начин општината се судрува со реален проблем, тековните трошоци влечат големи средства неопходни за решавање на тековните проблеми и потреби на граѓаните а од друга страна притискаат извршните решенија и децениски нерешени проблеми и судски спорови. Сето ова создава еден круг од кој е тешко да се излезе од проста причина што општината не располага со неограничени можности и фискален капацитет.

Висината на обврските континурано предизвикуваше и сеуште предизвикува проблеми не само во извршувањето на тековните активности туку и во самиот процес на планирање и подготвување на буџетот а следствено на тоа и рационално планирање и реализација на програмите за работа. Во изминатиот период во целост беше утврден вкупниот долг на општината пооделно по сите основи, структурално разработен по доверители за изведени работи, доверители за експропијација, каматни побарувања, судски процесни трошоци, спогодбени побарувања и побарувања од физички лица. Вака утврден вкупниот долг во соодветна постапка и процедура преку посебен апликативен софтвер изготвен од Министерството за финансии беше пријавен и регистриран во Министерството за финансии, обврска која ја имаа сите општини кои функционираат на територијата на нашата држава и врз основа на вака пријавените обврски од општините, Владата на Р.Македонија презеде мерки за надминување на проблемот со задолженоста на општините. Имено Владата на Р.Македонија донесе Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани а неплатени обврски.

Владата на Р.Македонија со донесување на овој закон на општина Охрид и додели износ од 495.277.521,оо денари со цел надминување на проблемите со наследените долгови и конечно решавање на овој горлив проблем кој го ограничува и забавува развојот на нашето опшество. Согласно законските одредби од претходно споменатиот закон и препораките на Министерството за финансии, во тек се активности за реализација на пропишаните одредби од истиот и заклучно со месец Јуни, обврските по овој закон треба да бидат завршени и заокружен процесот на раздолжување на општината по овој основ.

Обврските на општината и во идниот период, се до нивно целосно расчистување ќе го имаат главниот збор во креирањето на политиките на општината, во креирањето на

фискалната стратегија и буџетите. Ваквата ситуација како досега така и во периодот кој следи налага целосно ангажирање на сите капацитети, максимален ангажман на менаџментот на општината како и висок приоритет во агендата на активности на општината во натамошниот период со цел што поскоро општината да излезе од ситуацијата во која моментално се наоѓа и е голема пречка пред се за раст и развој на општината.

**2.4 *ПОБАРУВАЊА***

Општина Охрид во насока на заштита на своите права, преку надлежните служби и ангажираните правни застапници, покрај за претходно споменатите обврски, редовно ги следи и своите побарувања, врши пратење на нивното доспевање и презема дејствија за судска наплата на истите. Од страна на стручната служба за сите оние побарувања кои доспеваат без разлика на нивниот основ и висина како од правни така и од физички лица навремено се дава предлог за утужување до правната служба или правните застапници и сите вакви предмети навремено се процесуираат од страна на стручната служба пред надлежните органи. Бидејќи ваквиот процес се одвива секојдневно односно се работи за континуиран процес каде дел од предметите веќе се завршени, дел се во постапка, а дел започнуваат, во ниту еден момент општината неможе да располага со точен податок за висината на износот кој би се добил по овој основ односно од наплата по утужените предмети. Вкупните евидентирани побарувања по сите основи се прикажани и опфатени со пописот за 2018 година.

Друг момент кој согласно трендовите кои го следат работењето на општините во модерниот свет а на кој нашата општина се повеќе посветува внимание е и аспектот на транспарентноста во работењето на општината. Во нашата општина континуирано се спроведува трендот на транспарентност во работењето, трендот на отворање на процесот на буџетирање кон јавноста, тренд кој значи целокупното работење на општината вклучително и буџетското работење да бидат навремено и целосно достапни за јавноста, со цел запазување на претходно споменатите принципи а во насока на чесно и одговорно работење на локалната самоуправа. Администрацијата е се поотворена во своето работење, се прифаќаат предлози и идеи од граѓаните, се овозможува целосен пристап до информациите од јавен карактер. Партиципацијата во ваквите процеси од страна на граѓаните гради мостови на доверба помеѓу локалните власти и граѓаните, помага во градењето на една транспарентна и одговорна локална власт, помага во подобрување на услугите кои ги добиваат граѓаните. Вклученоста на граѓаните во овие процеси е како во делот на креирањето на буџетот, предлагање, планирање на активностите, процесот на донесување на буџетот, процесите на извршување на буџетот така и при поднесување на отчет за сработеното, односно изготвувањето на завршните сметки, се со цел запазување на процесот на транспарентност во трошењето на нивните средства, висината, намената, остварувањата. Основните придобивки од транспарентноста во овие процеси е секако унапредување на демократските процеси во општеството, чувството за отвореност и отчетност кое го имаат граѓаните кон локалните власти и чувството на креатори на својата судбина, која произлегува од нивната активна улога во овој процес.

Во насока на ваквата транспарентност, согласно законските прописи, општините до Министерството за финансии редовно поднесуваат квартални, полугодишни и годишни извештаи за своето работење. Буџетот на општината, кварталните, полугодишните извештаи, како и завршната сметка на буџетот се објавуваат во Службен гласник на

општината кој се објавува на официјалната веб страница на општината. Три основни принципи се битни во процесот на транспарентност на буџетскиот процес, и тоа:

- достапност на информации за буџетскиот процес, дали јавноста добива навремени, сеопфатни и точни податоци ;
- вклученост на граѓаните во процесот на донесување на буџетот и во колкава мера;
- мониторинг на процесот на извршување на буџетот.

Битен момент во овој процес е тоа, дали одлуките кои што се носат за трошење на народните пари, парите од буџетот, се донесени на транспарентен начин, дали одлуките кои ги носи локалната самоуправа и ги отсликува барањата односно мислењето и потребите на граѓаните или сето тоа се прави далеку од очите на јавноста. Во овој процес, голема е улогата на граѓанскиот и невладиниот сектор во поттикнување и развој на транспарентен мониторнинг систем, кој во голема мера ќе влијае на процесот на донесување на одлуките на локалната власт и секако намалување на лошото менаџирање со јавните ресурси и буџет. Иако ваквите процеси навидум не изгледаат лесни и се чини дека се ограничувачки, сепак постојат методи и начини за воведување на ваква пракса и систем на транспарентност и отчетност а во оваа насока во последно време силен поттик дава и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во нашата општина принципот на транспарентност се практикува на едно високо ниво на сите нивоа од работењето од започнување на процесот на буџетирање каде се користи методот на партиципативно буџетирање, процес кој буди се поголем интерес, процес кој опфаќа директна вклученост на јавноста во целокупниот процес на буџетирање од самиот почеток па до крај, односно од моментот на започнување на планирањето на буџетот, до моментот на изготвување на буџетот, реализацијата на буџетот и на крај отчетот за сработеното. Сето ова се остварува преку разни форуми, јавни трибини, средби со граѓани, процес кој континуирано се врши од самиот почеток, при што улогата на граѓаните во сите овие фази е посебно изразена и е на високо ниво со цел граѓаните да одлучуваат за своите потреби и приоритети, односно да се слушнат нивните барања и мислење. Една од најголемите улоги која ја игра транспарентноста кон која се стреми нашата општина не само во буџетскиот процес, туку и во целокупното работење е и тоа што на тој начин се намалува корупцијата а расте одговорноста во работењето, принципи кои порано или подоцна ќе мора да ги прифатат и спроведуваат сите, бидејќи целокупното работење, не само на локално ниво туку и на сите други јавни и државни институции се темели на работењето со парите на граѓаните.

**Број 08-3742/54**<br>**14.03.2019 год.**<br>**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**Претседател,**<br>**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за проширување на средствата на буџетот на општина Охрид за 2019 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/110**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), а во врска со член 34 став 4, и член 36 став 3 од Законот за Буџетите („Службен весник на РМ“ бр.64/05,4/08, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15 и 167/16), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на буџетот на Општина Охрид за 2019 година, на следниот начин:

| **Потпрограма Потставка** | **Самофинан.** | **Дотации** | **Донации** | **Кредити** |
|---|---|---|---|---|
| Се зголемуваат приходите на следните потставки: | | | | |
| 742114 Приходи од европската унија | 0 | 0 | 954,887 | 0 |
| 742119 Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 217,000 | 0 |
| | **0** | **0** | **1,171,887** | **0** |
| и се распределуваат на следните расходни потставки: | | | | |
| **N10 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 420120 Патување во земјата-патни расходи | 0 | 0 | 231,647 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 723,240 | 0 |
| **NA0 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 480190 Купување на друга опрема | 0 | 0 | 217,000 | 0 |
| | **0** | **0** | **1, 171,887** | **0** |

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“ и станува составен дел на буџетот на Општината за 2019 година.

**Број 08-3742/55**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. до 31.12.2018 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/111**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 13 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 13 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА СОСТОЈБАТА ВО ОБЛАСТА НА ЈАВНАТА БЕЗБЕДНОСТ И БЕЗБЕДНОСТА НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.07. ДО 31.12.2018 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за состојбата во областа на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата за периодот од 01.07. до 31.12.2018 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/56**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**За состојбата во областа на јавна безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата**

**ОПШТИ СОСТОЈБИ И УСЛОВИ**

Во текот на втората половина на 2018 година на подрачјето кое го покрива ПС од општа надлежност – Охрид во рамки на СВР Охрид согласно законската функција и надлежност, работите ги извршуваше во релативно стабилна и поволна безбедносна состојба, но обременета во сложени општествено економски, социјални и политички услови. Посебни специфики на подрачјето што го покрива ПСОН -Охрид се: туристичко, транзитно подрачје, мешана етничка популација, постојана флуктација на граѓани од подрачјето кои живеат во странство, кои значително ја отежнуваа работата на полицијата заради што потребна беше крајна професионалност, зголемена ангажираност на службата,а со цел да се одржи стабилна и поволна безбедносна состојба на подрачјето. Во тој контекст за потенцирање е ангажираноста за време на туристичката сезона кога се одржаа разни културни манифестации како Охридско лето, Балкански фестивал, спортски натпревари пливачки и атлетски маратони, како и бројните обезбедувања при посетата на домашни и странски делегации во текот на годината.
Ангажманот беше насочен кон остварување на човековите права и слободи, заштитата на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните, заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот, откривачката функција, спречувањето и откривањето на кривични дела и.т.н., заштита на јавниот ред и мир и поредокот, а целокупните активности се преземаа согласно определените и приоритетните цели во корелација со останатите организациони единици во СВР - Охрид, односно МВР на РМ.

Индикатори кои влијаеа и го детерминираа извршувањето на функцијата на ПС ОН - Охрид во **втора половина на 2018 година:**

а) Моменталната безбедносна состојба во Република С Македонија на политички, економски, безбедносен аспект и од аспект на севкупен општествен живот во земјата, ја детерминираат безбедносната состојба на територијата на Општина Охрид, која може да се оцени како поволна и стабилна и покрај тоа што негативните општествени појави и настани во нашата земја, соседните држави и регионот имаат влијание и одраз на безбедносната состојба во Општина Охрид.
Присутното незадоволство кај граѓаните од аспект на економската сфера и политичката состојба, ја усложнува и неповолно се одразува на безбедносната состојба на Општина Охрид, што резултираше со организирано незадоволство во вид на протестни маршови подржани од Граѓански здруженија.
Во втора половина на 2018 година поради актуелните политички случувања во РСМ преземени се мерки за обезбедување поради можноста за нарушување на ЈРМ при одржување на протести,организирани против Преспанскиот договор односно договорот со Р Грција, се преземаа плански мерки и активности за физичко и сообраќајно обезбедување на јавните собири како и денот на гласање на „Референдумот“, а со цел спречување на нарушување на ЈРМ, вршење на КД и други инциденти при одржување на истите.

Во областа на ЈРМ и безбедноста на патниот сообраќај, не се регистрирани извршувања на потешки прекршоци или вршење на прекршоци во поголем обем, а не се регистрирани ни останати недозволени асоцијални однесувања. Лицата нарушители и лица склони кон нарушување на ЈРМ не манифестираат посебни активности.

На подрачјето на Општина Охрид, присутни се вообичаен број на странци во хотелите и во приватните сместувања, а од страна на присутните странци не се регистрирани безбедносно интересни појави.

ПС од ОН - Охрид согласно законските одредби ја остваруваше својата функција со максимално професионално ангажирање на своите работници и со почитување на законитоста при извршување на задачите. Во тој контекст за потенцирање е :

а)Обезбедување на почетокот на туристичка сезона со оглед на зголемено присуство на домашни и странски туристи а се со цел безбеден престој на подрачјето од Охрид

б) ангажираноста за време на бројните обезбедувања при посетата на домашни и странски делегации ;

в) Обезбедување на културна манифестаци фолклорни фестивали ,одржани бројни концерти на подрачјето кои ги покрива ПС ОН Охрид,верски собири, прослави,,обезбедување на спортски натпревари,обезбедувања на протести ,манифестации,концерти,новогодишни празници и др.

г) Обезбедување на личности и објекти ( голем број посебни и вонредни обезбедувања);

д) Континуирани акциски контроли во угостителски објекти во содејство со други надлежни институции, како и контрола и акции во областа на сообраќајот.

**<u>Состојба во областа на криминалитетот на подрачјето на ПС од општа надлежност – Охрид за периодот од 01.07.2018 година до 31.12.2018година споредбено со истиот период 2017година</u>**

**<u>КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛ</u>**

**<u>Пријавени кривични дела</u>**

| | **2018** | **2017** |
|---|---|---|
| Класичен криминалитет | 433 | 414 |
| Расветлени +познат | 254 | 187 |
| Нерасветлени | 179 | 227 |
| Поднесени кривични пријави | 166 | 133 |
| Пријавени лица | 190 | 115 |
| Полнолетни | 182 | 101 |
| Малолетни | 8 | 14 |
| Повторници | 88 | 59 |

Во овој период во областа на класичниот криминаитет поднесени се вкупно 166 кривични пријави.

**<u>Преглед на пријавени и реализирани КД</u>**

| | **01.07.2018** | **31.12.2018** | **01.07.2017** | **31.12.2017** |
|---|---|---|---|---|

| | Пријавени КД | Реализирани КД | Пријавени КД | Реализирани КД |
|---|---|---|---|---|
| Убиство на свиреп или подмолен начин ( 123 чл.2) | 1 | 1 | / | / |
| Убиство во обид | / | / | 1 | 1 |
| Телесна повреда член130 став2 | 20 | 20 | 7 | 7 |
| Тешка Телесна повреда член 131 став 1и2 | 6 | 5 | 3 | 3 |
| Загрозување со опасно орудие при тепачка или караница(член133) | 4 | 4 | 2 | 2 |
| Кражба | 98 | 23 | 89 | 21 |
| Тешка кражба | 183 | 95 | 191 | 52 |
| Разбојништво | 4 | 1 | 6 | 3 |
| Разбојничка кражба | / | / | 1 | / |
| Одземање МВ | 3 | 1 | 3 | 2 |
| Измама | 12 | 10 | 7 | 6 |
| Изнуда | 3 | 3 | 1 | 1 |
| Точењеалкохол. пијалоци на дете | / | / | / | / |
| Фалсификување исправа | 10 | 10 | 2 | 2 |

**ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛ**

| | **2018** | **2017** |
|---|---|---|
| Пријавени | 55 | 35 |
| Расветлени | 47 | 32 |
| Пријавени лица | 37 | 23 |
| Полнолетни | 37 | 22 |
| Повторници | 19 | 9 |

Во овој период во областа на економскиот криминалитет поднесени се вкупно 37 кривични пријави.

**НТ СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ**

| | **2018** | **2017** |
|---|---|---|
| Пријавени | 42 | 35 |
| Расветлени | 42 | 35 |
| Пријавени лице | 42 | 34 |
| Повторници | 17 | 18 |

Во овој период во оваа област поднесени се 38 кривични пријави.

**ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ**

| | **2018** | **2017** |
|---|---|---|
| Пријавени | 2 | 5 |
| Расветлени | 1 | 4 |
| Пријавени лица | 6 | 3 |
| Полнолетни | 6 | 3 |
| повторници | 0 | 1 |

Во областа на организираниот криминал поднесени се 1 кривична пријава.

**Состојба за прекршоците и сторителите од областа на јавниот ред и мир на подрачјето на ПС од општа надлежност - Охрид за периодот од 01.07.2018 до 31.12.2018година**

Состојбата во областа на јавниот ред и мир за периодот од 01.07.2018 до 31.12.2018 година бележи зголемување на нарушувањата во однос на истиот период од минатата година, така што бележиме зголемување за 33% на бројот на регистрирани прекршоци, зголемување за 24% на бројот на сторители и зголемување за 33% на бројот на барања за поведување на прекршочна постапка. Во анализираниот период на подрачјето на ПС од општа надлежност-Охрид, не е регистрирано нарушување на ЈРМ од поголем обем или со елементи на насилство.

**Регистрирани прекршоци:**

Од 01.07. 2018 до 31.12. 2018 година

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 299 |
| Сторители | 363 |
| Барања | 271 |
| Основен суд | 67 |
| Комисија | 204 |

Од 01.07. 2017 до 31.12. 2017 година

| | |
|---|---|
| Прекршоци | 224 |
| Сторители | 293 |
| Барања | 203 |
| Основен суд | 87 |
| Комисија | 116 |

Состојбата на застапеност на прекршоците по видови, споредбено со истиот период од минатата година е следна:

| **01.07.2018 до 31.12.2018 година** | **2018** | **2017** |
|---|---|---|
| Карање и викање (чл.4 ) | 37 | 30 |
| Фрлање или кршење на предмети (чл.5) | 13 | 09 |
| Оддавање на пијанство (чл.6) | 16 | 22 |
| Вознемирување на соседи (чл.7) | / | / |
| Гласна музика (чл.8) | 01 | 01 |
| Навредување или вршење присилба спрема друг (чл.10) | 08 | 07 |

| | | |
|---|---|---|
| Учество, предизвикување и поттикнување друг на тепачка (чл. 11) | 25 | 35 |
| Физички напад (чл.12) | 34 | 50 |
| Омаловажува државен орган (чл.13) | 17 | 08 |
| Постапува спротивно на наредба на државен орган или ОСЛ (чл.14) | 02 | 03 |
| Лажно пријавување (чл.16) | 12 | 01 |
| Уживање на наркотички дроги (чл.20) | 41 | 19 |
| Присуство на малолетни лица во угостителски објекти по 24 ч. (чл.21) | 09 | 06 |
| Лажно претставување (чл.23) | 03 | 03 |
| Питачење (чл.24) | 53 | 12 |
| Кој го ремети ЈРМ во заеднички простории (чл.26) | 04 | 01 |
| оштетување или загадување јавни објекти, простори и нсталации (чл.27) | / | 01 |
| Кој без заштитни средства држи кучиња (чл.29) | 22 | 14 |
| Неовластено пукање од оружје (чл.31) | 01 | 01 |
| Не превземање мерки за одржување на ЈРМ (чл.33) | / | 01 |

**<u>Место на извршување на прекршокот:</u>**

| | Од 01.07.2018 до 31.12.2018 година | Од 01.07.2017 до 31.12.2017 година |
|---|---|---|
| Град | 264 | 207 |
| Село | 35 | 17 |
| Улица | 195 | 131 |
| Приватен стан | 11 | 03 |
| Угостителски објект | 21 | 23 |
| Други места | 72 | 67 |

**<u>Сторителите најчесто прекршоците ги вршат:</u>**

| **Од 01.07. до 31.12.** | **2018 г** | **2017 г** |
|---|---|---|
| Поединечно | 246 | 164 |
| Здружени 2 лица | 40 | 36 |
| Во група од 3 и повеќе лица | 13 | 24 |

**Возраст и пол на сторителите:**

| **Од 01.07. до 31.12.** | **2018 г** | **2017 г** |
|---|---|---|
| Мажи | 279 | 248 |
| Жени | 74 | 37 |
| Полнолетни | 331 | 272 |
| Малолетници | 22 | 13 |
| Повторници | 65 | 47 |

**Причини кои што довеле до нарушувања на ЈРМ се:**

- должничко доверителни односи
- влошени брачни и семјни односи , влошени меѓучовечки односи
- употреба на алкохол
- прекршоци во сообраќајот кои прераснале во нарушен ЈРМ
- нетолеранција и недолично однесување кое довело до нарушен ЈРМ
- влошени меѓучовечки односи и лична нетрпеливост.

**БЕЗБЕДНОСТ ВО ПАТНИОТ СООБРАЌАЈ**

Во периодот од 01.07.2018 до 31.12.2018 година, од страна на ПС за БПС беа превземени плански мерки и активности на превентивен и репресивен план спрема возила и возачи со цел подобрување на безбедноста на сите учесници во сообраќајот.

**Вкупно пријавени сообраќајни незгоди:**

| **2018** | **2017** |
|---|---|
| 174 | 182 |

**Сообраќајни незгоди со потешки последици:**

| **2018** | **2017** |
|---|---|
| 97 | 86 |

**Загинати лица**

| **2018** | **2017** |
|---|---|
| 8 | 0 |

**Повредени лица-вкупно:**

| **2018** | **2017** |
|---|---|
| 143 | 119 |

**Тешко повредени лица:**

| **2018** | **2017** |
|---|---|
| 121 | 19 |

**Лесно повредени лица:**

| **2018** | **2017** |
|---|---|
| 22 | 100 |

**Вкупно регистрирани сообраќајни прекршоци:**

| **2018** | **2017** |
|---|---|
| 1449 | 889 |

**Во анализираниот период бележиме:**

| Година | **2018** | **2017** |
|---|---|---|
| пријавени лица | 1445 | 884 |
| поднесени барања до суд | 678 | 355 |
| поднесени барања до комисија | 760 | 529 |

**Случени сообраќајни незгоди со потешки последици во населено место (град):**

| **2018** | **2017** |
|---|---|
| 53 | 43 |

**Случени сообраќајни незгоди со потешки последици надвор од населено место: според патни правци:**

| **2018** | **2017** |
|---|---|
| Охрид - Кичево - 24 | Охрид -Кичево -15 |
| Охрид - Св.Наум- 7 | Охрид - Св.Наум -18 |
| Охрид - Ресен – 11 | Охрид - Ресен – 05 |
| Охрид - Струга -2 | Охрид-Струга - 05 |

Како најчеста причина за случување на сообраќајните незгоди се јавува неприлагодена брзина према состојбата и условите на патот, односно факторот човек-возач, кој не ги почитува сообраќајните знаци, правила и прописи за однесување во сообраќајот, како и непочитување на правила за првенство.

Структурата на настрадани учесници е следна : возачи– 57(34); сопатници -43(41); моторциклисти–24(15);пешаци–10(14);велосипедисти–16(14)што покажува дека возачите на пмв се најзагрозена категорија на учесници во сообраќајот.

Исто така во овој период на 1381 (1260) возач регистрирани им се негативни поени во возачка книшка за сторените сообраќајни прекршоци.

Во контекст на превземените превентивно репресивни мерки од сообраќај исклучени се 579 (206) возачи и 269 (212) возила, времено се одземени 119(22) возачки дозволи,употребен е алкотест во 698 (33) случаи при што кај 143 (09) возачи покажале знаци на алкохолизираност.

Исто така од страна на ПС за БПС спроведени беа 41 (35) акциски контроли од кои 12(10) локални и 29 (25) републички контроли по разни основи.

Од изнесеното констатација е дека зголемени се репресивните мерки од страна на УПС, споредбено со ланскиот анализиран период,а зголемениот број на алкотестирани возачи е поради обезбеден доволен број на алкомери.

**Број 08-3742/57** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„ХРИСТО УЗУНОВ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Христо Узунов“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/112** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„ХРИСТО УЗУНОВ“- ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Христо Узунов“ - Охрид за 2018 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-96/4 од 14.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид”.

**Број 08-3742/58** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Григор Прличев“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/113** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“- ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Григор Прличев“- Охрид за 2018 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр. 02-47/3 од 07.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/59** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/114** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид за 2018 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр. 02-141/2 од 28.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/60** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019год.** **Претседател,**

**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„БРАТСТВО - ЕДИНСТВО“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Братство - единство“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/115** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„БРАТСТВО - ЕДИНСТВО“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Братство-единство“ - Охрид за 2018 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-756 од 06.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/61** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„КОЧО РАЦИН“ ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Кочо Рацин“ Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/116**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„КОЧО РАЦИН“- ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Кочо Рацин“ - Охрид за 2018 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-32/4 од 05.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/62**
**14.03.2019год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„ЖИВКО ЧИНГО“ С.ВЕЛГОШТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Живко Чинго“ с.Велгошти, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/117**<br>**14.03.2019 год.**<br>**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**<br>**Вршител на должноста Градоначалник**<br>**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„ЖИВКО ЧИНГО“ с.ВЕЛГОШТИ**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Живко Чинго“ с.Велгошти за 2018 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-71/3 од 21.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/63**<br>**14.03.2019год.**<br>**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**Претседател,**<br>**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ С.ЛЕСКОЕЦ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Ванчо Николески“ с.Лескоец, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/118**<br>**14.03.2019 год.**

**ОПШТИНА ОХРИД**<br>**Вршител на должноста Градоначалник**

**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„ВАНЧО НИКОЛЕСКИ“ с.ЛЕСКОЕЦ**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Ванчо Николески“ с.Лескоец за 2018 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-41/3 од 06.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/64** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ С. ПЕШТАНИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОУ„Св.Наум Охридски“ с. Пештани, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/119** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина

Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОУ„СВ.НАУМ ОХРИДСКИ“ с. ПЕШТАНИ**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОУ„Св.Наум Охридски“ с.Пештани за 2018 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-94/2 од 22.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/65**
**14.03.2019год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОМУ„МЕТОДИ ПАТЧЕ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОМУ„Методи Патче“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/120**
**14.03.2019 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Вршител на должноста Градоначалник**
**д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОМУ„МЕТОДИ ПАТЧЕ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОМУ„Методи Патче“- Охрид за 2018 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-44/6 од 21.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/66** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОСУ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** одлуката за усвојување на Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка за 2018 година на ОСУ„Св. Климент Охридски“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година.

**Број 09-3742/121** **ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019 год.** **Вршител на должноста Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 14.03.2019 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ И ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА НА ОСУ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за финансиското работење и Годишната сметка на ОСУ„Св.Климент Охридски“ - Охрид за 2018 година, донесени со Одлука на Училишниот одбор бр.02-87/3 од 27.02.2019 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-3742/67** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**14.03.2019год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Живка Ангелоска,с.р.**

